*Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација*

*Shoqëri aksionare në pronësi shtetërore për kryerjen e veprimtarisë dhënie të shërbimeve të navigacionit ajror*

# Годишен извештај за работа на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за 2022 година



“Босфор“ Бр. 7, Мралино, Илинден
Република Северна Македонија
Тел: +389 2 3148100 Факс: +389 2 3148239
E-mail: info@mnavigation.mk

“Bosfor“ Nr. 7,Mralino, Ilinden
Republika e Maqedonisë së Veriut
Tel: +389 2 3148100 Fax: +389 2 3148239
E-mail: info@mnavigation.mk

**ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ДОКУМЕНТОТ**

**Опис на документот:** Годишен извештај за работата на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за 2022 година кој опфаќа Анализа на воздушниот сообраќај во Република Северна Македонија, Анализа на планирани и реализирани приходи и расходи за 2022 година, Анализа на реализирани приходи и расходи за 2022 година во споредба со 2021 година, Инвестиции и развој, Политика на човечки ресурси, Регионална соработка, FAB’s, Исполнување на дефинираните цели за 2022 година, Клучни индикатори на изведба (KPI), како и Ревидирани финансиски извештаи на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за 2022 година.

**Наслов**

**„М-НАВ“ А.Д. - СКОПЈЕ**

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА ЗА 2022 ГОДИНА**

| | |
|---|---|
| **Референтен број**: МНВ-810-103.05 | **Издание број**: 1.0 |
| | **Дата**: 26/04/2023 |

**Извадок**:

“Управниот одбор на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје својата работа во 2022 година ја насочи кон континуирано исполнување на условите од Уверението за оспособеност за давање на услуги на воздухопловната навигација како и кон континуирано исполнување на оперативните цели на Друштвото за 2022 година:....”

**Клучни зборови**:

Обем на сообраќај во 2022 година, оперативни цели на Друштвото, безбедност и сигурност, планирани и реализирани приходи и расходи за 2022 година, реализирани приходи и расходи за 2022 година во споредба со 2021 година, клучни индикатори на изведба, инвестиции, проекти...

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Статус на документот:** | Работна верзија | | **Класификација:** | Интерен документ | |
| | Конечна верзија | √ | | Јавен документ | √ |
| | Објавено издание | | | Доверлив | |

| | |
|---|---|
| **Локација:** | **Скопје** |

## ПРИФАЌАЊЕ НА ДОКУМЕНТОТ

Во следната табела се наведени авторите и лицата кои го изготвиле/провериле/одобриле овој документ

| Функција | Име, презиме и потпис | Дата |
|---|---|---|
| Изработил | Игор Андреевски<br>Самостоен советник за контрола на буџет | |
| Контролирал аспект - квалитет | Леонора Шаља<br>Шеф на Отсек за квалитет – безбедност во Одделение за интегриран менаџмент систем | |
| Согласен | Јовица Јовановски<br>Раководител на Одделение за интегриран менаџмент систем | |
| Контролирал аспект - усогласеност | Валентина Димевска<br>Раководител на Одделение за внатрешна ревизија | |
| Одобриле | D-r Hasim Deari<br>Извршен Директор за финансиски работи, правни работи, развој и инвестиции<br>Drejtor Ekzekutiv për çështje financiare, ligjore, zhvillim dhe investime<br><br>Fahrudin Hamidi<br>Претседател на Управен одбор<br>Kryetar i Këshillit Drejtues | |

## Содржина

*I. Предговор ............................................................................................ 5*

*II. Резиме ................................................................................................ 8*

*1. Анализа на воздушниот сообраќај во Република Северна Македонија.......................................................................................... 11*

*2. Анализа на планирани и реализирани приходи и расходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за 2022 година.......................................................... 16*

*3. Анализа на реализирани приходи и расходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за 2022 година во споредба со 2021 година.............................................. 21*

*4. Инвестиции и развој................................................................... 28*

*5. Политика на човечки ресурси................................................... 35*

*6. Регионална соработка, FAB's................................................... 37*

*7. Исполнување на дефинираните цели за 2022 година.......................... 38*

*8. Клучни индикатори на изведба (KPI)..................................................... 47*
*.*

*9. Ревидирани финансиски извештаи на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за 2022 година.......................................................................................... 58*

*Прилози:*

**1.** *Годишна сметка на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за 2022 година;*
**2.** *Извештај од Независниот Ревизор Гранд Торнтон Скопје со Финансиски извештаи на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за 2022 година;*
**3.** *Образци за финансиско известување на јавни претпријатија, акционерски друштва и други ентитети.*

# *I. Предговор*

Согласно член 60 од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16, 31/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 220/19), за вршење на услуги на воздухопловна навигација Владата на Република Северна Македонија основа акционерско друштво со еден акционер, државата - давател на услуги на воздухопловна навигација, согласно со Законот за трговските друштва. Начинот на основање, дејностите и начинот на управување се регулирани со актот за основање и статутот на друштвото.

Владата на Република Македонија на седницата одржана на ден 16.10.2008 година донела Одлука за отпочнување на постапка за основање на Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давател на услуги на воздухопловна навигација бр. 19-4602/1.

Согласно Тековна состојба издадена од страна на Централниот регистар, датум на основање на Друштвото „М-НАВ“ А.Д. - Скопје е 04.11.2008 година.

Основната главнина на Друштвото изнесува 1.552.034.000,00 денари или 25.226.275,71 евра поделени на 1.552.034 обични акции со номинална вредност од 1.000,00 денари за една акција.

Согласно Статутот на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје управувањето со Друштвото е организирано според двостепен систем. Друштвото има Управен одбор и Надзорен одбор. Управниот одбор е составен од три члена и тоа:

1. Fahrudin Hamidi избран со Одлука на Надзорниот одбор на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје од 30.10.2020 година, кој ја води, организира и е одговорен за давање на услуги во воздухопловна навигација и носи назив - Извршен директор за воздухопловна навигација. Именуваниот, воедно е и Претседател на Управниот одбор.

2. Владко Крстевски избран со Одлука на Надзорниот одбор на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје од 20.12.2019 година, кој ја води, организира работата и е одговорен за техничките средства во воздухопловната навигација и носи назив - Извршен директор за воздухопловна техника.

3. Migjen Salmani избран со Одлука на Надзорниот одбор на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје од 26.09.2011 година, 18.09.2015 година и 18.09.2019 година, кој ги води и врши финансиските работи, правните работи, развој и инвестиции и е одговорен за финансиското работење, правното работење, развој и инвестиции и носи назив - Извршен директор за финансиски работи, правни работи, развој и инвестиции. Именуваниот ја врши функцијата до 13.03.2023 година. D-r Hasim Deari избран со Одлука на Надзорниот одбор на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје од 13.03.2023 година, кој ги води и врши финансиските работи, правните работи, развој и инвестиции и е одговорен за финансиското работење, правното работење, развој и инвестиции и носи назив - Извршен директор за финансиски работи, правни работи, развој и инвестиции.




***Мисија***

*Да се обезбеди високо ниво на услуги и континуирано да се подобруваат безбедноста, редовноста и ефикасноста на протокот на воздушниот сообраќај со оптимална употреба на расположливите човечки и технички ресурси и со минимум трошоци да се обезбеди висок квалитет на услуги на воздухопловна навигација во рамките на дезигнираниот воздушен простор на транспарентен и недискриминирачки начин, водејќи грижа за животната средина.*

***Визија***

*Воспоставување на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје како давател на услуги на воздухопловна навигација способен за континуирано обезбедување на високо ниво на безбедни, редовни, експедитивни и ефикасни услуги на корисниците на воздушниот простор и како давател на услуги на воздухопловна навигација кој функционира во согласност со регулативите на SingleEuropeanSky, да се прилагодува со минимални трошоци на новите Европски регулативи што ќе доведе до обезбедување на одржлива позиција и подобрување на перформансите на изведба во рамките на регионален Functional Airspace Block.*

***Вредности***

- Исполнување на највисоките стандарди на професионално работење и квалитет на услугите
- Посветеност на луѓето, како најважен капитал на организацијата
- Обезбедување на работна средина со услови за продуктивност и мотивираност на вработените
- Соработка со сите заинтересирани страни
- Одговорен менаџмент, разумно управување со сите ресурси на организацијата
- Постојано унапредување во сите аспекти на работењето

„М-НАВ“ А.Д. - Скопје остварува сопствени приходи од своето работење по основ на:

- Наплата за обезбедување на услуги на воздухопловна навигација за прелети - што во име на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје ја врши Eurocontrol CRCO (Central Route Charges Office)
- Наплата за обезбедување на терминални услуги на воздухопловна навигација - што во име на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје ја врши Eurocontrol CRCO (Central Route Charges Office)
- Останати приходи

Согласно член 53 став 4 од Законот за воздухопловство (“Службен весник на Република Македонија” бр.14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16, 31/16 и 64/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 220/19) – „(4) За добивање на уверение за оспособеност за давање на услугите на воздухопловна навигација давателот на услугите треба да има потребен персонал, опрема, како и да исполнува други посебни услови неопходни за безбедно и уредно работење.“

Согласно овој член, а во врска со условите наведени во Уредбата за начинот на давање на услугите на воздухопловната навигација, како и посебните услови во однос на потребниот персонал, опремата и другите посебни услови неопходни за безбедно и уредно работење (“Службен весник

на Република Македонија” бр.08/2018), во изминатиот период, во континуитет, Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија потврдува дека „М-НАВ“ А.Д. - Скопје како Давател на услуги на воздухопловна навигација ги исполнува сите барања и важечки услови кои се однесуваат на давањето на услуги на воздухопловната навигација и способноста да ги дава истите, и тоа:

- Во март 2012 година од страна на Агенцијата за цивилно воздухопловство издадено е Уверение за оспособеност за давање на услуги на воздухопловна навигација број МК-01-2012/ANSP;
- Во март 2014 година од страна на Агенцијата за цивилно воздухопловство издадено е Уверение за оспособеност за давање на услуги на воздухопловна навигација број МК-01/2014ANSP;
- Во март 2016 година од страна на Агенцијата за цивилно воздухопловство издадено е Уверение за оспособеност за давање на услуги на воздухопловна навигација број МК01-2016/ANSP;
- Во март 2018 година од страна на Агенцијата за цивилно воздухопловство издадено е Уверение за оспособеност за давање на услуги на воздухопловна навигација број МК01-2018/ANSP;
- Во март 2020 година од страна на Агенцијата за цивилно воздухопловство издадено е Уверение за оспособеност за давање на услуги на воздухопловна навигација број МК01-2020/ANSP;
- Во март 2022 година од страна на Агенцијата за цивилно воздухопловство издадено е Уверение за оспособеност за давање на услуги на воздухопловна навигација број МК01-2022/ANSP.

Сите овие Уверенија се издадени со период на важност од две години.

## *II. Резиме*

Управниот одбор на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје во 2022 година своите активности ги насочи кон финансиско стабилизирање и продолжување на проектите кои се од суштинско значење за функционирање и непречен развој во иднина на друштвото. Преземање на мерки и активности за грижа за развој на човечкиот потенцијал, како најбитен дел од секоја организација, со цел постигнување одржлив развој во иднина. Усогласувајќи ги сопствените капацитети со барањата на Network Manager, „М-НАВ“ А.Д. - Скопје постигна солиден резултат во рамките на европската мрежа на воздушен сообраќај со процент на сообраќај кој бележи раст од речиси 4% (5,5% overflights - прелети) од нивото на сообраќај во 2019 година, која се зема како референтна година во анализите на сите релевантни воздухопловни фактори. Едновремено се одржи високо ниво на безбедност и сигурност на услугите на воздухопловна навигација, проактивно решавајќи ги очекуваните и неочекуваните предизвици. Како позначајни активности ги наведуваме:

- Континуирана координација и информирање на Владата на Република Северна Македонија и ресорните министерства за тековните состојби и активности на Друштвото;
- Со цел затворање и рефинансирање со подобри кредитни услови на заемот склучен со ЕБОР на 24.09.2013 година, „М-НАВ“ А.Д. - Скопје во текот на 2022 година ги финализираше преговорите со ЕБОР, и по добивање согласност од Владата на Република Северна Македонија, на

29.07.2022 година потпиша нов договор за заем со ЕБОР (во вредност од 10.000.000,00 ЕУР), како и договор со Комерцијална банка А.Д. Скопје (во вредност од 5.000.000,00 ЕУР). Притоа, „М-НАВ“ А.Д. - Скопје доби средства во износ од 400.000,00 ЕУР од фондовите за грантови на ЕБОР, кои се наменети за консултантски услуги во остварувањето на ЕБОР проектите, како и refresher - обуки на контролорите со цел приклучување кон SECSI FRA (South East Common Sky Initiative Free Route Airspace);

- Одржување на стандардите и достигнување на утврдените секторски цели за 2022 година за безбедност, обезбедување и квалитет;
- Континуирано одржување на тековните системи и опрема, оптимизирање и менаџирање на постоечкиот човечки ресурс како и процеси за вработување на нови кадри потребни за обезбедување на непречено и високо ниво на безбедност и сигурност на услугите на воздухопловна навигација;
- Континуирана соработка со меѓународните институции како Eurocontrol, CANSO, IATA и други, за усогласување на процедурите и организацијата на друштвото да биде согласно важечките регулативи како и регулативи кои во иднина ќе стапат на сила;
- Продолжување на соработката во рамките на иницијативата за Организацијата на воздушниот простор во функционални блокови (FAB - Functional Airspace Blocks) on-line во рамките на редовните состаноци на Bluemed Fab;
- „М-НАВ“ А.Д. - Скопје и во текот на 2022 година учествуваше во обезбедувањето на техничка поддршка на HungaroControl (кој е надлежен за давање услуги на контрола на летање за горниот воздушен простор на Косово) преку обезбедување на радарски сигнал од радарот во Охрид и комуникациски сигнал од системот на локацијата Градиште;
- „М-НАВ“ А.Д. - Скопје покрај реализирањето на проектите едновремено успеа безбедно и ефикасно да го опслужи воздушниот сообраќај, применувајќи ги побараните олеснувања за директни рути – FRA concept и укинати рестрикции со цел намалување на трошоците на авиокомпаниите;
- Со цел оптимизирање на сообраќајот и ефикасно планирање на протокот на сообраќај, „М-НАВ“ А.Д. - Скопје на 02.12.2021 година се приклучи кон регионалната иницијатива SECSI FRA (South East Common Sky Initiative Free Route Airspace) со што нашиот воздушен простор стана интегрален дел на SECSI FRA при што беше имплементиран т.н. cross-border Free Route Airspace со Албанија, Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Хрватска, Словенија и Австрија. Со ова се овозможи активно планирање на најкратката, односно најефикасната рута за прелет, резултирајќи со најмала емисија на јаглероден диоксид и активно учество во одржлив развој и заштитата на животната средина;
- Во текот на 2022 година како и во периодот кој претстои УО на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје ќе продолжи со целосна посветеност кон изнаоѓање начини за справување со финансиските предизвици и менаџирање на финансиската ликвидност на Друштвото, притоа водејќи сметка за обезбедување на непречен и редовен тек на воздушниот сообраќај, сервисирање на обврските кон вработените согласно Колективниот договор на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје, а притоа задржувајќи го високото ниво на безбедност и сигурност на услугите на воздухопловна навигација;
- Во 2022 година „М-НАВ“ А.Д. - Скопје активно учествуваше преку Министерството за транспорт и Министерството за надворешни работи

на РСМ во изработка на меѓудржавниот договор со кој се создаде можност за дефинирање на формално – техничко решение за давање на сервис во дел од воздушниот простор кој припаѓа на Република Албанија и кое се користи за безбедно и ефикасно слетување на Аеродромот Свети Апостол Павле во Охрид;

- Преземање на неопходни активности за давање на услуги на НАТО воздухоплови како и активно учество во усогласување на потребната регулатива со Министерството за одбрана на РСМ;
- Превземени активности за реализација и координација со релевантните институции за организирање на НАТО вежбата “Swift response 22“ во текот на месец април и мај 2022 година. Вежбата беше успешно спроведена во рамките на предвидената и испланирана временска матрица;
- Согласно ЕУ регулативата број 1794/2006 за утврдување на заеднички систем за наплата на услугите на воздухопловната навигација, во прилогот кон “Одлуката за начинот на определување на висината на надоместокот за користење на услуги на воздухопловна навигација и начинот на наплата како и висината и начинот на определување на делот од надоместокот за користење на услугите на воздухопловна навигација, донесена од Владата на РСМ, (Службен Весник на РСМ бр.194/2019), сите приходи остварени од прелети во 2022 година во вкупен износ од 22.478.936,27 ЕУР се пренесуваат посебно еден дел на сметка на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје а другиот на сметка на Агенцијата за цивилно воздухопловство на РСМ од страна на CRCO – Eurocontrol, како надоместок за финансирање на трошоците за услуги за прелети во Република Северна Македонија. Овие средства се распределени во 2022 година од страна на Eurocontrol во сооднос 16,80% за Агенцијата за цивилно воздухопловство, а 83,20% за „М-НАВ“ А.Д. - Скопје (известување од АЦВ до Eurocontrol, под број 05-1245/1 од 22.12.2021 година.)”.
- Како што може да се види од финансиските извештаи во прилог, „М-НАВ“ А.Д. - Скопје во 2022 година бележи нето-добивка во износ од 136.956.913,99 денари за извештајниот период.

Со почит,

**Претседател на Управен одбор**
**Kryetar i Këshillit Drejtues**
**Fahrudin Hamidi**

# 1 Анализа на воздушниот сообраќај во Република Северна Македонија

Постепеното стабилизирање на состојбата со пандемијата со Covid -19 и укинувањето на рестриктивните мерки во 2022 година предизвика враќање на сообраќајот особено во нашиот регион поради интензивирање на патувањата за годишни одмори кон туристичките дестинации. Во најголем дел од првите 9 месеци забележан е благ пораст на сообраќајот во однос на референтната 2019 година. Во табелата 1.1 дадена подолу се забележува дека сообраќајот во 2022 година се врати над нивото од 2019 година, односно севкупно го надмина нивото од 2019 година за 4%.

**Табела 1.1: Вкупен број на реализиран сообраќај во Република Северна Македонија во периодот 2019 - 2022 година[1]**




Во табелата 1.2 подолу се прикажани вкупниот број на прелети во Република Северна Македонија за периодот од 2018 година до 2022 година.

**Табела 1.2: Вкупен број на прелети во Република Северна Македонија во периодот 2018 - 2022 година[2]**

[1] Извор: Skopje FMP.
[2] Извор: Skopje FMP.




| | January | February | March | April | May | June | July | August | September | October | November | December | up to date total | total |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2022 | 9098 | 7723 | 10942 | 16377 | 22541 | 26003 | 28636 | 27233 | 24835 | 23054 | 11886 | 11838 | 220166 | - |
| 2021 | 4267 | 3326 | 4242 | 4602 | 6384 | 11975 | 21974 | 25594 | 21526 | 20970 | 10443 | 9978 | 145281 | 145281 |
| 2022 vs 2021 | 113.2% | 132.2% | 157.9% | 255.9% | 253.1% | 117.1% | 30.3% | 6.4% | 15.4% | 9.9% | 13.8% | 18.6% | **51.5%** | - |
| 2020 | 11277 | 10162 | 7126 | 1411 | 1664 | 2523 | 10312 | 14467 | 12085 | 10439 | 4769 | 4952 | 91187 | 91187 |
| 2021 vs 2020 | -62.2% | -67.3% | -40.5% | 226.2% | 283.7% | 374.6% | 113.1% | 76.9% | 78.1% | 100.9% | 119.0% | 101.5% | **59.3%** | **59.3%** |
| 2022 vs 2020 | -19.3% | -24.0% | 53.6% | 1060.7% | 1254.6% | 930.6% | 177.7% | 88.2% | 105.5% | 120.8% | 149.2% | 139.1% | **141.4%** | - |
| 2019 | 9129 | 8461 | 9944 | 14858 | 21200 | 24686 | 27351 | 27430 | 24237 | 20221 | 10469 | 10703 | 208689 | 208689 |
| 2020 vs 2019 | 23.5% | 20.1% | -28.3% | -90.5% | -92.2% | -89.8% | -62.3% | -47.3% | -50.1% | -48.4% | -54.4% | -53.7% | **-56.3%** | **-56.3%** |
| 2022 vs 2019 | -0.3% | -8.7% | 10.0% | 10.2% | 6.3% | 5.3% | 4.7% | -0.7% | 2.5% | 14.0% | 13.5% | 10.6% | **5.5%** | - |
| 2018 | 7256 | 6486 | 8599 | 11815 | 18026 | 21569 | 24910 | 25222 | 22019 | 18280 | 9324 | 8983 | 182489 | 182489 |
| 2019 vs 2018 | 25.8% | 30.5% | 15.6% | 25.8% | 17.6% | 14.5% | 9.8% | 8.8% | 10.1% | 10.6% | 12.3% | 19.1% | **14.4%** | **14.4%** |
| 2022 vs 2018 | 25.4% | 19.1% | 27.2% | 38.6% | 25.0% | 20.6% | 15.0% | 8.0% | 12.8% | 26.1% | 27.5% | 31.8% | **20.6%** | - |

Ден со најмногу операции во 2022 година е сабота, 6 - ти август со вкупно 1037 операции.

За подалекусежен увид, во табелата 1.3 подолу е прикажана еволуција на севкупниот сообраќај за периодот од 2013 година до 2022 година.

**Табела 1.3: Вкупен број на реализиран сообраќај во Република Северна Македонија во периодот 2013 - 2022 година[3]**




Во табелата 1.4 дадена подолу прикажана е месечната еволуција на севкупниот сообраќај за периодот од 2019 година до 2022 година, во која може јасно да се воочи порастот на сообраќајот во 2022 година во однос на референтната 2019 година.

[3] Извор: Skopje FMP.

**Табела 1.4: Вкупен број на реализиран сообраќај во Република Северна Македонија во периодот 2019 - 2022 година по месеци[4]**




| | Jan | Feb | Mar | Apr | May | Jun | Jul | Aug | Sep | Oct | Nov | Dec |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2021 | 4965 | 3922 | 5029 | 5420 | 7465 | 13357 | 23909 | 27564 | 23215 | 22300 | 11536 | 11269 |
| 2020 | 12790 | 11552 | 7990 | 1568 | 1808 | 2652 | 11282 | 15426 | 12887 | 11146 | 5422 | 5614 |
| 2022 | 10169 | 8545 | 12029 | 17788 | 24144 | 28018 | 30870 | 29388 | 27094 | 24795 | 13255 | 13306 |
| 2019 | 10493 | 9652 | 11347 | 16566 | 23058 | 26777 | 29763 | 29917 | 26356 | 22020 | 11936 | 12285 |

Овој пораст на сообраќајот ќе беше уште поголем доколку метео состојбата во летната сезона беше поповолна. Неповолните временски услови во значителен број денови од летниот период, предизвикаа воведување на регулации претежно од соседните единици на контрола на летање, но и од наша страна.

Како дополнителен фактор кој предизвика намалување на сообраќајот е и реализацијата на проектот за имплементирање на нов VHF систем како дел од Планот за модернизација на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје. Реализацијата на овој проект на почетокот од септември во траење од две недели, односно фазата на замена на радијата на радио сајтот Солунска Глава, согласно безбедносните препораки предизвика лимитирање на бројот на расположиви сектори од три на два и намалување на капацитетот на Lower секторот.

Дополнително воениот конфликт и затварањето на воздушниот простор над Украина предизвикаа флуктуација на украинскиот сообраќај кон југ од Украина, но овој процес не предизвика поголеми промени во нашиот воздушен простор со исклучок на ефектите од воведените регулации од страна на единиците на контрола на летање кои се наоѓаат северно од нас, кај кои имаше значителен пораст на сообраќајот. Како резултат на тој неочекуван пораст дел од овие единици на контрола на летање воведуваа регулации кои делумно влијаеа на регулирање на нашиот сообраќај и појава на пикови по укинување на истите.

Сообраќајот на аеродромите во Скопје и Охрид во 2020 година забележа драстичен пад во однос на 2019 година, но и тој во последните 2 години е во постојан пораст. Во табелата 1.5 дадена подолу е прикажана еволуција на аеродромскиот сообраќај за периодот од 2013 година до 2022 година.

[4] Извор: Skopje FMP.

**Табела 1.5: Вкупен број на полетувања и слетувања во Република Северна Македонија во периодот 2013 - 2022 година[5]**




Обемот на сообраќајот на скопскиот и охридскиот аеродром по месеци, дадена во табелата 1.6 подолу, покажува зголемување на сообраќајот во 2022 година во однос на 2021 година, но сеуште под нивото на референтната 2019 година.

**Табела 1.6: Вкупен број на полетувања и слетувања во Република Северна Македонија во периодот 2019 - 2022 година по месеци[6]**




| | Jan | Feb | Mar | Apr | May | Jun | Jul | Aug | Sep | Oct | Nov | Dec |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2021 | 698 | 596 | 787 | 818 | 1081 | 1382 | 1935 | 1970 | 1689 | 1330 | 1093 | 1291 |
| 2020 | 1513 | 1390 | 864 | 157 | 144 | 129 | 964 | 959 | 802 | 707 | 653 | 662 |
| 2022 | 1071 | 822 | 1087 | 1411 | 1603 | 2015 | 2234 | 2155 | 1773 | 1741 | 1369 | 1468 |
| 2019 | 1364 | 1191 | 1403 | 1708 | 1858 | 2091 | 2412 | 2487 | 2119 | 1799 | 1467 | 1582 |

И покрај значително зголемениот обем на сообраќај од 4% (5,5% overflights – прелети) во однос на референтната 2019 година, неповолните метео услови и ограничувањата поради реализација на проектот за имплементирање на новиот VHF систем, летната сезона е одработена успешно

[5] Извор: Skopje FMP.
[6] Извор: Skopje FMP.

од секој аспект, првенствено од безбедносен, но и од аспект на експедитивност и ефикасност.

Според статистиката на Централното биро за наплата на Eurocontrol за 2022 година, Република Северна Македонија во 2022 година бележи пораст на бројот на наплатни единици од прелети од 52,2% споредено со 2021 година, односно за 6,1% повеќе реализирани наплатни единици во споредба со 2019 како референтна година, односно во годината пред кризата со пандемијата.

| Charge area : | **LW** |
|---|---|

| Month | | 2022 Actual | 2022 Unit Rate Basis | 2021 Actual | 2020 Actual | 2019 Actual | % 2022 A / 2022 F | % 2022 A / 2019 A | % 2021 A / 2019 A |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | (1) | (2) | (3) | (4) | (5) | (1)/(2) | (1)/(5) | (3)/(5) |
| 1 | January | **17,786** | *14,436* | 8,338 | 22,672 | 17,708 | 23.2% | 0.4% | -52.9% |
| 2 | February | **15,376** | *13,564* | 6,852 | 20,493 | 16,639 | 13.4% | -7.6% | -58.8% |
| 3 | March | **23,176** | *15,679* | 9,087 | 14,355 | 19,233 | 47.8% | 20.5% | -52.8% |
| 4 | April | **32,321** | *23,174* | 9,845 | 3,678 | 28,427 | 39.5% | 13.7% | -65.4% |
| 5 | May | **43,206** | *32,979* | 12,454 | 4,181 | 40,456 | 31.0% | 6.8% | -69.2% |
| 6 | June | **49,050** | *37,480* | 21,943 | 5,417 | 45,978 | 30.9% | 6.7% | -52.3% |
| 7 | July | **52,991** | *41,208* | 38,450 | 17,682 | 50,551 | 28.6% | 4.8% | -23.9% |
| 8 | August | **50,553** | *41,263* | 45,991 | 25,368 | 50,618 | 22.5% | -0.1% | -9.1% |
| 9 | September | **45,428** | *36,960* | 40,390 | 21,879 | 45,339 | 22.9% | 0.2% | -10.9% |
| 10 | October | **42,792** | *30,957* | 40,568 | 19,010 | 37,975 | 38.2% | 12.7% | 6.8% |
| 11 | November | **23,320** | *16,798* | 21,639 | 9,596 | 20,607 | 38.8% | 13.2% | 5.0% |
| 12 | December | **23,096** | *17,502* | 19,771 | 9,849 | 21,469 | 32.0% | 7.6% | -7.9% |
| **TOTAL** | | **419,094** | ***322,000*** | 275,328 | 174,181 | 395,000 | **30.2%** | **6.1%** | -30.3% |

Двата македонски аеродроми, скопскиот и охридскиот во 2022 година ги завршија со 2.371.423 патници, што претставува раст од 70,4% споредено со 2021 година и 19.448 реализирани операции на двата аеродроми или раст од 29,8% на годишно ниво. Според статистиката[7] најфреквентната дестинација од скопскиот аеродром е Истанбул со 13,1% пазарен удел, потоа следувааат Базел (Mulhouse) со 6,3%, Виена со 6,2%, Цирих со 6,2% и Анталија со 4,2%, додека најфрекфентната дестинација од охридскиот аеродром е Виена со 18% пазарен удел, Базел (Mulhouse) со 15,9% пазарен удел, па потоа следуваат Цирих со 11% и Меминген со 10%.

Во однос на уделот на авиокомпаниите во патничкиот сообраќај, Wizz Air има превезено најголем број од патниците со 59,3% од пазарниот удел, а потоа следуваат Turkish Airlines со 11%, Pegasus Airlines со 6,7%, Austrian Airlines со 6,2% и Chair Airlines со 4,9%, додека за охридскиот аеродром Wizz Air има превезено најголем број од патниците со 69,31% од пазарниот удел, а потоа следуваат Chair Airlines со 8,76% и Tuifly Netherlands со 8,17%.

Во моментов, во мрежата на линии на Меѓународниот Аеродром Скопје има најавено за летната сезона 52 дестинации, а 21 редовни компании ги опслужуваат овие линии.

Охридскиот аеродром Свети Апостол Павле има 8 редовни дестинации во текот на целата година, 9 редовни само во летната сезона и 5 дополнителни сезонски чартер дестинации во текот на летото. Нови сезонски авиолинии од Охрид кои се најавени да бидат воведени во текот на 2023 година се Lot Polish

[7] Извор: Статистика за патнички сообраќај на ТАВ Македонија за 2022 година.

Airlines (LODZ), Air Serbia – Belgrade, TUI Fly – UK GATWICK и TUI Fly – UK MANCHESTER.

# 2 Анализа на планирани и реализирани приходи и расходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за 2022 година

## 2.1 Анализа на планирани и реализирани приходи на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за 2022 година

Како што може да се види од табелата 2.1 подолу, во 2022 година „М-НАВ“ А.Д. - Скопје бележи зголемување на вкупно реализираните приходи во однос на вкупно планираните приходи во извештајниот период за 28,13% и тоа:

- 29,71% зголемување на приходите од прелети;
- 16,50% зголемување на приходите од терминалните услуги на воздухопловна навигација и
- 28,71% зголемување на останатите приходи.




Состојбата со сообраќајот во 2022 година опширно е образложена во Точка 1 – Анализа на воздушниот сообраќај во Република Северна Македонија како составен дел на годишниот Извештај за работата на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за 2022 година.

**Табела 2.1: Планирани и реализирани приходи на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за 2022 година**[8]

| *Вид на приходи* | *Планирани приходи за 2022 година* | *Реализирани приходи за 2022 година* | *индекс* |
|---|---|---|---|
| | | | |
| ***Прелети на воздухоплови*** | 887.175.083,40 | 1.150.792.035,34 | 129,71 |
| | | | |
| ***Терминални услуги*** | 121.102.143,58 | 141.078.746,37 | 116,50 |
| | | | |
| ***Останати приходи*** | 12.000.000,00 | 15.445.469,93 | 128,71 |
| | | | |
| ***Вкупно приходи (МКД):*** | ***1.020.277.226,98*** | ***1.307.316.251,64*** | ***128,13*** |

### *2.1.1 Графички приказ на планирани и реализирани приходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за 2022 година*




[8] Извор: Финансиски план за измена на Годишен финансиски план на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за 2022 година; Бруто-биланси на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период 01.01-31.12.2022 година (со датум од 08.03.2023 година).

## 2.2 Анализа на планирани и реализирани расходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за 2022 година

**Табела 2.2: Планирани и реализирани расходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за 2022 година[9]**

| *Вид на расходи* | *Планирани расходи за 2022 година* | *Реализирани расходи за 2022 година* | *индекс* |
|---|---|---|---|
| ***Вкупно трошоци за вработените*** | **759.776.868,00** | **972.284.269,08** | **127,97** |
| Бруто плати | 754.776.868,00 | 960.288.599,00 | 127,23 |
| Други трошоци за вработените | 5.000.000,00 | 11.995.670,08 | 239,91 |
| | | | |
| ***Вкупно материјални трошоци*** | **75.000.000,00** | **72.660.554,90** | **96,88** |
| Трошоци за суровини и материјали | 4.000.000,00 | 2.312.517,57 | 57,81 |
| Трошоци за резервни делови | 14.000.000,00 | 1.154.160,97 | 8,24 |
| Потрошена енергија | 18.000.000,00 | 35.764.374,20 | 198,69 |
| Транспортни услуги | 4.000.000,00 | 1.187.027,36 | 29,68 |
| Поштенски, телефонски услуги и интернет | 17.000.000,00 | 15.739.009,74 | 92,58 |
| Трошоци за одржување | 16.000.000,00 | 14.022.888,56 | 87,64 |
| Дополнително утврдени трошоци од минати години | 2.000.000,00 | 2.480.576,50 | 124,03 |
| | | | |
| ***Вкупно нематеријални трошоци*** | **83.475.000,00** | **53.694.047,82** | **64,32** |
| Закуп на канцелариски простор | 1.500.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| Останати услуги | 850.000,00 | 736.522,00 | 86,65 |
| Дневници за сл.пат и патни трошоци | 17.000.000,00 | 11.056.830,87 | 65,04 |
| Трошоци за репрезентација | 2.550.000,00 | 2.872.123,54 | 112,63 |
| Премии за осигурување | 12.000.000,00 | 13.300.140,00 | 110,83 |
| Членарини во меѓународни организации и друго | 1.625.200,00 | 1.780.899,20 | 109,59 |
| Останати нематеријални трошоци | 47.950.000,00 | 23.947.532,21 | 49,94 |
| | | | |
| ***Амортизација*** | **45.000.000,00** | **35.106.330,76** | **78,01** |
| | | | |
| ***Останати трошоци од работењето*** | **6.000.000,00** | **12.013.210,54** | **200,22** |
| | | | |
| ***Вкупно финансиски трошоци*** | **13.000.000,00** | **24.600.924,55** | **189,24** |
| Банкарски трошоци | 3.000.000,00 | 13.476.765,07 | 449,23 |
| Камати по банкарски кредити | 10.000.000,00 | 11.124.159,48 | 111,24 |
| ***Вкупно расходи (МКД):*** | ***982.251.868,00*** | ***1.170.359.337,65*** | ***119,15*** |

[9] Извор: Финансиски план за измена на Годишен финансиски план на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за 2022 година; Бруто-биланси на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период 01.01-31.12.2022 година (со датум од 08.03.2023 година).

### *3.2.1 Графички приказ на планирани и реализирани расходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за 2022 година*




Како што може да се види од табелата 2.2 погоре, во 2022 година „М-НАВ“ А.Д. - Скопје бележи поголема реализација на вкупните расходи во однос на вкупно планираните расходи за извештајниот период за 19,15%, при што:

- Ставката – бруто плати за вработените, реализирани се повеќе средства од планираните за 27,23% заради неколку причини:
  - донесената одлука на УО на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје број 02-500/4 од 15.04.2022 година со која е утврдена динамика за враќање на задржаните средства од платите на работниците за 2020, 2021 и 2022 година согласно постигнатата спогодба со ССКЛ. Истата е донесена како резултат на порастот на сообраќајот во воздушниот простор на РСМ кој ги надмина планираните проекции, проекциите на готовинскиот тек на парични средства на Друштвото и извештаите и информациите на Eurocontrol за подобрување на сообраќајот, како и домаќинското работење и сведување на минимум на сите трошоци на Друштвото со политика на максимално штедење и ефикасност во спроведување на зацртаните цели до целосно финансиско стабилизирање[10];
  - зголемените и планираните расходи за бруто плати за трансформација на работниот однос на 11 контролори на летање од определено на неопределено време почнувајќи од 01.01.2022 година, како и
  - реализирање на 15 нови вработувања согласно Финансискиот план на Друштвото за 2022 година[11].
- Ставката – други трошоци за вработените, реализирани се повеќе средства од планираните заради исплата на трошоци по основ на одредбите од Колективниот договор: помош за смрт на член во семејство, помош на вработени, јубилејни награди, К-15, задолжителни

[10] Заклучно со 31.12.2022 година целосно се вратени задржаните средства од платите на вработените за 2020 година, како и за периодот јануари-јуни 2021 година.
[11] Истовремено, во текот на 2022 година во пензија заминаа 14 вработени согласно последната измена во членот 104 од Законот за работни односи (објавена во “Службен весник на РСМ“ број 151/2021), додека кај 1 вработен имаше спогодбен раскин на Договорот за вработување.

лекарски прегледи, трошоци за испити, надомест за одвоен живот како и останати надоместоци за вработените;

- Ставката – потрошена енергија, реализирани се повеќе средства од планираните како резултат на повеќекратното зголемување на цената на електричната енергија во 2022 година;
- Ставката – дополнително утврдени трошоци од минати години, реализирани се повеќе средства од планираните заради трошоци направени во 2021 година, а истите пристигнати и книжени во 2022 година[12];
- Ставката – трошоци за репрезентација, реализирани се повеќе средства од планираните во најголем дел за трошоците за услуги поврзани со деловни состаноци околу инвестиционите активности и проекти;
- Ставката – премии за осигурување, реализирани се повеќе средства од планираните како резултат на потставката премии за осигурување на членовите на УО и НО на „М-НАВ" А.Д. – Скопје за 2022 година во износ од 999.953,00 денари[13];
- Ставката – членарини во меѓународни организации, исто така покажува зголемување во процентни поени, но вредносно зголемувањето е минимално во однос на планираното;
- Ставката – останти трошоци од работењето, реализирани се повеќе средства од планираните заради трошоците за вредносно усогласување[14], како и расходите врз основа на директен отпис на побарувања во износ од 902.367,48 денари[15];
- Ставката – вкупно финансиски трошоци, реализирани се повеќе средства од планираните заради неколку причини:

- зголемените расходи за провизии за банкарски услуги во земјата во износ од 2.527.557,00 денари;
- потставката за исплатена еднократна провизија по кредитот од ЕБОР во износ од 7.510.076,87 денари[16];
- зголемените негативни курсни разлики во износ од 3.388.319,25 денари, како и
- исплата на камата за задоцнето плаќање на придонеси за 2020 година во износ од 3.130.252,00 денари[17].

- Амортизацијата е пресметана согласно сметководствената политика на „М-НАВ" А.Д. - Скопје во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ).

Со оглед на фактот што кај најголем дел од ставките на реализирани расходи во однос на планираните за 2022 година нема отстапување (со исклучок на горенаведените ставки, кои се резултат на околности што не

[12] Извршено плаќање на фактури за електрична енергија од Министерството за одбрана за месец декември 2021 година во износ од 2.202.417,00 денари, 71.037,00 денари за фактури за интернет, 53.100,00 денари за фактура за фолдер за документи и други трошоци со помали износи).

[13] Согласно Договор со Кроација Осигурување за јавна набавка на услуги – Животно осигурување број 02-665/3 од 01.07.2022 година.

[14] Вредносно усогласување по различни основи: обезвреднување на основните средства во износ од 218.488,95 денари; вредносно усогласување на побарувањата во износ од 8.878.565,61 денари ; исправка на вредноста на побарувањата - сомнителни и спорни побарувања во износ од 6.195.584,61 денари и отпис на побарувања по основ на ДДВ во износ од 2.682.981,00 денари.

[15] Согласно Одлука на Влада на РСМ (објавена во Службен весник на РСМ број 41-10547/4 од 23.11.2022 година) за давање на согласност за доделување на нова задача на Eurocontrol за формирање на доброволни солдирани фондови за поддршка на една или повеќе земји членки во кризни ситуации во воздушниот сообраќај, како и формирање на Европскиот АТМ доброволен солидарен фонд за поддршка на Украина и Молдавија и доброволниот привремен солидарен фонд за поддршка на Естонија, Латвија, Литванија и Полска.

[16] Еднократен надомест во висина од 1,25% од износот на заемот со ЕБОР (ОПР.бр.53184) или 122.125,00 еур.

[17] По основ на доплата на задржаните плати на вработените за 2020 година.

можеле да се предвидат во процесот на планирање), се доаѓа до заклучок дека трошоците што се зголемиле за периодот не влијаат на реализацијата на редовните планирани ставки. Тоа значи дека ефектите од настанатите отстапувања кај овие ставки немаат директно влијание на остварување на целите од финансискиот план на Друштвото за 2022 година, заради што Управниот одбор не презема дополнителни мерки за пренамена на средства во рамки на истиот финансиски план, односно одложување на реализација на одредена цел или евентуално обезбедување на дополнителни извори на финансирање.

# 3 Анализа на реализирани приходи и расходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за 2022 година во споредба со 2021 година

## 3.1 Анализа на реализирани приходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за 2022 година во споредба со 2021 година

Како што може да се види од Табелата 3.1 подолу, реализираните вкупни приходи за 2022 година во споредба со 2021 година се зголемени за 57,47% и тоа:

- 61,57% зголемување на приходите од прелети;
- 40,43% зголемување на приходите од терминалните услуги на воздухопловна навигација и
- 11,75% намалување на останатите приходи.




**Табела 3.1: Реализирани приходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за 2022 година во споредба со 2021 година[18]**

| *Вид на приходи* | *Реализирани приходи* | *Реализирани приходи* | *индекс* |
|---|---|---|---|

[18] Извор: Бруто-биланси на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период 01.01-31.12.2022 година (со датум од 08.03.2023 година); Годишен извештај за работа на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за 2021 година.

| | за 2022 година | за 2021 година | |
|---|---|---|---|
| ***Прелети на воздухоплови*** | 1.150.792.035,34 | 712.253.661,31 | 161,57 |
| ***Терминални услуги*** | 141.078.746,37 | 100.460.679,12 | 140,43 |
| ***Останати приходи*** | 15.445.469,93 | 17.501.784,68 | 88,25 |
| ***Вкупно приходи (МКД):*** | ***1.307.316.251,64*** | ***830.216.125,11*** | ***157,47*** |

### *3.1.1 Графички приказ на реализирани приходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за 2022 година во споредба со 2021 година*




## 3.2 Анализа на реализирани расходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за 2022 година во споредба со 2021 година

**Табела 3.2: Реализирани расходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за 2022 година во споредба со 2021 година[19]**

[19] Извор: Бруто-биланси на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период 01.01-31.12.2022 година (со датум од 08.03.2023 година); Годишен извештај за работа на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за 2021 година.

| Вид на расходи | Реализирани расходи за 2022 година | Реализирани расходи за 2021 година | индекс |
|---|---|---|---|
| ***Вкупно трошоци за вработените*** | **972.284.269,08** | **651.604.200,12** | **149,21** |
| Бруто плати | 960.288.599,00 | 640.397.276,00 | 149,95 |
| Други трошоци за вработените | 11.995.670,08 | 11.206.924,12 | 107,04 |
| | | | |
| ***Вкупно материјални трошоци*** | **72.660.554,90** | **50.213.602,46** | **144,70** |
| Трошоци за суровини и материјали | 2.312.517,57 | 2.435.861,95 | 94,94 |
| Трошоци за резервни делови | 1.154.160,97 | 1.320.197,87 | 87,42 |
| Потрошена енергија | 35.764.374,20 | 14.383.424,77 | 248,65 |
| Транспортни услуги | 1.187.027,36 | 877.625,17 | 135,25 |
| Поштенски, телефонски услуги и интернет | 15.739.009,74 | 16.455.689,55 | 95,64 |
| Трошоци за одржување | 14.022.888,56 | 10.323.483,39 | 135,83 |
| Дополнително утврдени трошоци минати години | 2.480.576,50 | 4.417.319,67 | 56,16 |
| | | | |
| ***Вкупно нематеријални трошоци*** | **53.694.047,82** | **39.445.848,55** | **136,12** |
| Закуп на канцелариски простор | 0,00 | 65.063,00 | 0,00 |
| Останати услуги | 736.522,00 | 423.386,00 | 173,96 |
| Дневници за сл.пат и патни трошоци | 11.056.830,87 | 2.703.197,75 | 409,03 |
| Трошоци за репрезентација | 2.872.123,54 | 1.640.179,14 | 175,11 |
| Премии за осигурување | 13.300.140,00 | 11.149.163,00 | 119,29 |
| Членарини во меѓународни организации и друго | 1.780.899,20 | 1.742.948,61 | 102,18 |
| Останати нематеријални трошоци | 23.947.532,21 | 21.721.911,05 | 110,25 |
| | | | |
| ***Амортизација*** | **35.106.330,76** | **35.841.840,82** | **97,95** |
| | | | |
| ***Останати трошоци од работењето*** | **12.013.210,54** | **4.236.931,44** | **283,54** |
| | | | |
| ***Вкупно финансиски трошоци*** | **24.600.924,55** | **11.420.369,87** | **215,41** |
| Банкарски трошоци | 13.476.765,07 | 2.537.483,74 | 531,11 |
| Камати по банкарски кредити | 11.124.159,48 | 8.882.886,13 | 125,23 |
| ***Вкупно расходи (МКД):*** | ***1.170.359.337,65*** | ***792.762.793,26*** | ***147,63*** |

### *3.2.1 Графички приказ на реализирани расходи на„М-НАВ“ А.Д. – Скопје за 2022 година во споредба со 2021 година*




Како што може да се види од Табелата 3.2 погоре, реализираните вкупни расходи на Друштвото за 2022 година се зголемени за 47,63% во споредба со 2021 година, како резултат на:

- Ставката – бруто плати за вработените се зголемени во однос на 2021 година за 49,95% заради неколку причини:
- донесената одлука на УО на „М-НАВ" А.Д. - Скопје број 02-500/4 од 15.04.2022 година со која е утврдена динамика за враќање на задржаните средства од платите на работниците за 2020, 2021 и 2022 година согласно постигнатата спогодба со ССКЛ. Истата е донесена како резултат на порастот на сообраќајот во воздушниот простор на РСМ кој ги надмина планираните проекции, проекциите на готовинскиот тек на парични средства на Друштвото и извештаите и информациите на Eurocontrol за подобрување на сообраќајот, како и домаќинското работење и сведување на минимум на сите трошоци на Друштвото со политика на максимално штедење и ефикасност во спроведување на зацртаните цели до целосно финансиско стабилизирање[20];
- зголемените расходи за бруто плати за трансформација на работниот однос на 11 контролори на летање од определено на неопределено време почнувајќи од 01.01.2022 година, како и
- реализирање на 15 нови вработувања согласно Финансискиот план на Друштвото за 2022 година[21], од кои 7 (седум) на неопределено време, а 8 (осум) лица/студенти засноваа работен однос на определено време.

- Ставката – други трошоци за вработените[22], се зголемени во однос на 2021 година за 7,04% и детално прикажани подолу:

[20] Заклучно со 31.12.2022 година целосно се вратени задржаните средства од платите на вработените за 2020 година, како и за периодот јануари-јуни 2021 година.
[21] Истовремено, во текот на 2022 година во пензија заминаа 14 вработени согласно последната измена во членот 104 од Законот за работни односи (објавена во "Службен весник на РСМ" број 151/2021), додека кај 1 вработен имаше спогодбен раскин на Договорот за вработување.
[22] Во оваа ставка влегуваат расходи што се исплаќаат согласно Колективниот договор на „М-НАВ" А.Д. - Скопје.

**Табела 3.3: Реализирани други трошоци за вработените на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за 2022 година во споредба со 2021 година[23]**

| Други трошоци за вработените | 01.01-31.12.2022 | 01.01-31.12.2021 |
|---|---|---|
| | | |
| Јубилејни награди | 2.192.679,00 | 3.277.204,00 |
| Помош за смрт на член од семејство | 780.414,00 | 2.752.642,00 |
| Помош на вработени | 872.648,00 | 714.016,00 |
| Исплата на К-15 | 6.434.443,00 | 2.990.000,00 |
| Надомест за одвоен живот | 0,00 | 49.320,00 |
| Задолжителни лекарски прегледи на контролори | 898.211,08 | 1.282.394,12 |
| Трошоци за испити | 597.581,00 | 92.778,00 |
| Останати надоместоци за вработени | 219.694,00 | 48.570,00 |
| **Вкупно (МКД):** | **11.995.670,08** | **11.206.924,12** |

- Ставката – трошоци за енергија во 2022 година се зголемени во однос на 2021 година, пред се заради повеќекратното зголемување на цената на електричната енергија во 2022 година, како и потставката за потрошено екстралесно масло за греење и дизел и бензин за службените автомобили, каде исто така беше зголемена цената во 2022 година;
- Ставката – трошоци за транспортни услуги во 2022 година се зголемени во однос на 2021 година заради потставките за такси превоз и останати транспортни услуги, но истите се во рамки на планираните за 2022 година;
- Ставката – трошоци за одржување се зголемени во 2022 година во однос на 2021 година заради потставката тековно одржување на опрема во износ од 9.443.995,56 денари, потставката одржување на хигиена во износ од 2.785.948,00 денари, како и потставките за заштита и унапредување на работната и животна средина и услуги за одржување на зеленило во вкупен износ од 566.189,00 денари, но истите се во рамки на планираните за 2022 година;
- Ставката – останати услуги во 2022 година се зголемени во споредба со 2021 година, како што следи:

**Табела 3.4: Реализирани останати услуги на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за 2022 година во споредба со 2021 година[24]**

| | | |
|---|---|---|
| | | |

[23] Извор: Бруто-биланси на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период 01.01-31.12.2022 година (со датум од 08.03.2023 година); Годишен извештај за работа на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за 2021 година.

[24] Бруто-биланси на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период 01.01-31.12.2022 година (со датум од 08.03.2023 година); Годишен извештај за работа на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за 2021 година.

| Останати услуги | 01.01-31.12.2022 | 01.01-31.12.2021 |
|---|---|---|
| | | |
| Регистрација на возила | 96.456,00 | 91.898,00 |
| Огласи во дневни весници | 603.828,00 | 331.488,00 |
| Услуги за дератизација | 36.238,00 | 0,00 |
| **Вкупно (МКД):** | **736.522,00** | **423.386,00** |

- Ставката – дневници за службен пат и патни трошоци се зголемени во 2022 година во однос на 2021 година во најголем дел за трошоците за ноќевање и дневници за службени патувања во странство, како резултат на интензивирани инвестициони активности, но истите се во рамки на планираните трошоци за 2022 година. Како резултат на сите ограничувања за патувања што беа донесени во 2021 година, заради пандемијата со Covid-19, службените патувања во странство беа сведени на минимум;
- Ставката – трошоци за репрезентација во 2022 година се зголемени во однос на 2021 година во најголем дел за трошоците за услуги поврзани со деловни состаноци околу инвестиционите активности и проекти;
- Ставката – премии за осигурување во 2022 година се зголемени во однос на 2021 година во најголем дел заради потставката премии за осигурување на членовите на УО и НО на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за 2022 година во износ од 999.953,00 денари[25];
- Ставката - членарини во меѓународни организации во 2022 година се зголемени во однос на 2021 година, но зголемување е минимално во процентни поени, и вредносно нема финансиски импликации на Друштвото;
- Ставката - останати нематеријални трошоци во 2022 година се зголемени во споредба со 2021 година, како што следи:

**Табела 3.5: Реализирани останати нематеријални трошоци на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за 2022 година во споредба со 2021 година[26]**

| Останати нематеријални трошоци | 01.01-31.12.2022 | 01.01-31.12.2021 |
|---|---|---|
| | | |
| **Наемнина за недвижности** | **1.568.797,00** | **65.063,00** |
| - Закуп за антена на Црн Врв | 64.091,00 | 65.063,00 |
| - Закуп на деловен простор[27] | 1.504.706,00 | 0,00 |
| Надомест надзорен одбор | 408.109,00 | 437.256,00 |
| Авторски хонорари[28] | 896.255,00 | 1.718.864,00 |
| Консултантски услуги[29] | 3.876.066,72 | 2.350.294,70 |
| **Семинари и советувања** | ***1.580.325,24*** | ***302.670,00*** |
| - OJTI refresh курс за КЛ[30] | 1.102.984,24 | 0,00 |
| - останатите курсеви и обуки за вработените | 477.341,00 | 302.670,00 |
| Ревизија на финансиски извештаи[31] | 600.000,00 | 600.000,00 |

[25] Согласно Договор со Кроација Осигурување за јавна набавка на услуги – Животно осигурување број 02-665/3 од 01.07.2022 година.
[26] Бруто-биланси на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период 01.01-31.12.2022 година (со датум од 08.03.2023 година); Годишен извештај за работа на М-НАВ А.Д. Скопје за 2021 година.
[27] Согласно Договор со ТАВ Македонија за изнајмување на деловен простор на Меѓународниот аеродром Скопје, како и согласно договор за изнајмување на деловен простор – објект Малага во Центар, Скопје.
[28] Согласно Договори за дело на 3 вработени во 2022 година, а 5 вработени во 2021 година.
[29] Согласно Договорот за консултативни услуги со ЕГИС АВИА.
[30] Задолжителни курсеви за контролорите на летање на секои 2 години.
[31] Согласно Договор за извршување на ревизија на финансиски извештаи со консултантската куќа Гранд Торнтон Скопје.

| | | |
|---|---|---|
| Услуги за вештачење и проценка | 0,00 | 9.000,00 |
| Адвокатски услуги[32] | 1.557.679,00 | 794.815,00 |
| Одржување на софтвер | 90.024,00 | 83.068,00 |
| **Останати интелектуални услуги** | ***2.404.021,90*** | ***4.163.290,70*** |
| - Трошоци за провизија на Eurocontrol[33] | 924.675,00 | 923.923,50 |
| - Брокерски услуги[34] | 500.000,00 | 500.000,00 |
| - Изработка на гео-карти[35] | 402.195,74 | 412.149,94 |
| - Годишен надомест од ЦДХВ[36] | 146.358,00 | 128.299,00 |
| - Превод на документи | 93.500,00 | 32.750,00 |
| - Изработка на проектна документација и геодетско мерење[37] | 110.000,00 | 60.000,00 |
| - Надомест за одржување на електронска база на податоци | 110.960,00 | 35.306,00 |
| - Изработка на геодетски елаборат[38] | 60.000,00 | 1.179.765,00 |
| - Агенциска провизија[39] | 29.703,00 | 0,00 |
| - Изработка на градежно-техничка документација | 14.160,00 | 0,00 |
| - Обнова на дигитален сертификат | 6.400,00 | 2.790,00 |
| - Годишен надомест од Македонска берза[40] | 4.130,00 | 4.130,00 |
| - Обнова на домеин | 1.940,16 | 0,00 |
| - Обуки | 0,00 | 690.984,00 |
| - Годишен надомест за Државен архив | 0,00 | 128.480,00 |
| - Сертификација по ISO стандард | 0,00 | 60.900,00 |
| - Комуникациски услуги[41] | 0,00 | 3.813,26 |
| Стручни списанија и весници[42] | 120.505,00 | 127.576,00 |
| Трошоци за сертификација и лиценци од АЦВ | 10.560.908,17 | 10.489.135,65 |
| Трошоци за извршни пресуди | 0,00 | 103.456,00 |
| **Други нематеријални трошоци** | ***284.841,18*** | ***542.485,00*** |
| -Издавање на потврда за неосудуваност на вработени | 3.133,00 | 179.265,00 |
| -Архивирање на документи[43] | 160.152,00 | 163.122,00 |
| -Изработка на идентификациони картички[44] | 27.174,00 | 146.474,00 |
| -Други нематеријални трошоци[45] | 94.382,18 | 53.624,00 |
| **Вкупно (МКД):** | **23.947.532,21** | **21.786.974,05** |

# 4 Инвестиции и развој

Имајќи ја предвид комплексноста и важноста на воздухопловната навигација како и потребата за интеграција во системот на Заедничко европско небо (Single European Sky) и се разбира, хармонизирање со европската легислатива и стандардите на релевантните европски и меѓународни воздухопловни организации, управниот одбор на „М-

[32] Согласно Договори со Адвокат Мефаиљ Арслани, Адвокат Зекир Зекири и Адвокат Албин Беџети, додека во 2021 година имаше склучено договори со Адвокат Мефаиљ Арслани и адвокат Зекир Зекири.
[33] Согласно Договор за вршење на услуги за наплата на АТС услуги од авиокомпании.
[34] Согласно Договор со СН Осигурителен брокер.
[35] Годишна претплата за Бентли картографија.
[36] Годишен надомест за водење на акции и надомест за упис на зголемување на главнина.
[37] Согласно Договор со ГЕИНГ Доо Скопје за изработка на техничка документација - кабелски приклучок на објект радарска станица Бањски Рид на дистрибутивна мрежа на ЕВН Македонија.
[38] Изработка на геодетски елаборати за ажурирање на геодетска подлога за изработка на локална урбанистичка планска документација (Меѓународен аеродром Скопје и Аеродром Св.Апостол Павле Охрид), како и изработка на геодетски елаборат за посебни намени.
[39] Исплатена на Агенција за недвижности NEW WAY Ltd. за извршена услуга - посредување при изнајмување на деловен простор во општина Центар за потребите на Друштвото.
[40] За објавување на финансиски извештаи на слободен пазар.
[41] Комуникациски услуги (MET OFFICE).
[42] Репрезент, Правник, Академик, Коха, Слободен печат.
[43] Согласно Договор со фирма INBOX Skopje
[44] Идентификациони картички за пристап на вработени од „М-НАВ“ А.Д. - Скопје на аеродромска писта и аеродромски простории, сопственост на ТАВ Македонија.
[45] Трошоци за фотокопирање на документи, изработка на визит карти, издавање на визи за вработени, поднесување на Годишна сметка и сл.

НАВ“ А.Д. - Скопје донесе одлука најважните развојни проекти дефинирани во рамките на “Проектот за надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација – втора фаза“ да се финансираат со долгорочен заем од меѓународна финансиска институција. Во координација со Министерството за финансии и Министерството за транспорт и врски, постапката за долгорочно задолжување на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје кај меѓународна финансиска институција заврши во 2013 година. На 24.09.2013 година „М-НАВ“ А.Д. - Скопје потпиша Договор за заем со ЕБОР за финансирање на “Проектот за надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација – втора фаза“ без обезбедување со државна гаранција, во износ од 11.150.000,00 ЕУР, истиот дополнет со Амандман бр.1 склучен на 10.01.2014 година, Амандман бр.2 склучен на 13.12.2016 година и Амандман бр.3, склучен на 27.02.2020 година.

Со цел затворање и рефинансирање на тековниот заем, притоа со подобри кредитни услови, како би се надминале финансиските потешкотии предизвикани од пандемијата со Covid-19 и би продолжила непречената реализација на проектите, „М-НАВ“ А.Д. - Скопје во текот на 2022 година ги финализираше преговорите со ЕБОР, и по добивање согласност од Владата на Република Северна Македонија, на 29.07.2022 потпиша нов договор за заем со ЕБОР (во вредност од 10.000.000,00 ЕУР), како и договор со Комерцијална банка А.Д. Скопје (во вредност од 5.000.000,00 ЕУР). Притоа, „М-НАВ“ А.Д. - Скопје доби средства во износ од 400.000,00 ЕУР од фондовите за грантови на ЕБОР, кои се наменети за консултантски услуги во остварувањето на проектите и обуки на контролорите со цел приклучување кон SECSI FRA (South East Common Sky Initiative Free Route Airspace).

Главно обележје на 2022 година беше силното закрепнување од последиците на пандемијата со Covid-19, коешто овозможи зголемување во обемот на работа при реализацијата на проектните компоненти.

## 4.1 Проект за наградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација – втора фаза финансиран со средства од ЕБОР

Во продолжение е даден детален осврт кон реализацијата на секоја проектна компонента опфатена со “Проектот за надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација – втора фаза“ во 2022 година.

### *4.1.1 Набавка, инсталирање и тестирање на АТМ Систем вклучувајќи и техничко-оперативна сала*

АТМ системот е примарен систем преку кој се остварува основната услуга на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје, односно давање на услуги на воздухопловна навигација во воздушниот простор над Република Северна Македонија со цел безбедно, редовно и ефикасно одвивање на воздушниот сообраќај. Имплементацијата на новиот АТМ систем вклучува и изградба на нов простор за потребите на АТМ системот, т.е. нова техничка и оперативна сала во која ќе биде сместена опремата од новиот и стариот (резервен) АТМ систем.

Согласно Договорот за заем со ЕБОР, беше утврдено оваа проектна компонента да се реализира преку метод на набавка во две фази (Two Stage Procurement Method). По целосното спроведување на двете фази од набавката, на 31.07.2017 година од ЕБОР е добиено одобрување (No objection) на Извештајот за евалуација – втора фаза со препорака за склучување на Договор

со фирмата Leonardo S.p.A., чија понуда целосно ги задоволи барањата утврдени во техничките спецификации и тендерската документација.

Од друга страна, констатирано беше дека земјиштето на кое е предвидено да се изгради новата техничко оперативна сала (доградба на постоечкиот објект), со вкупна површина од 1.150 м2, од кои основата е 580 м2, е сопственост на Република Северна Македонија, а согласно Договорот за концесија, истото било доделено на користење и управување на холдингот ТАВ – Аеродроми од Турција, поради што беа преземени активности со релевантните институции со цел разрешување и надминување на целата имотно правна ситуација од аспект на регулирање на имотно правните односи и документи-дозвола за градба, како за новата техничко оперативна сала така и за постоечкиот објект на контролата на летање.

Согласно Заклучокот од Извадокот од Нацрт-записникот од 96-тата Седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 22.10.2018 година, Управниот одбор на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје донесе Одлука бр. 02-2017/8 од 31.10.2018 година, да се испрати Писмо за прифаќање и Договор за набавка на АТМ системот вклучувајќи и техничко-оперативна сала за истиот до прворангираната фирма Leonardo S.p.A за негово потпишување во согласност со добиеното одобрување (No objection) од страна на ЕБОР на 31.07.2017 година. Од страна на компанијата Leonardo S.p.A е доставена бараната гаранција за квалитет на изведба и Договорот беше потпишан на 14.12.2018 година со цена на Договорот од 7.878.872,50 ЕУР. На почетокот од 2019 година беше доставена банкарска гаранција за авансно плаќање и фактура за авансно плаќање од страна на компанијата Leonardo S.p.A, по што до ЕБОР се достави Апликација за повлекување на средства. Исплатата на фактурата за авансно плаќање се изврши на 02.04.2019 година со што Договорот стапи во сила.

Реализацијата на проектот започна со набавка на опремата (хардверот) од страна на Leonardo, односно со отпочнување на процесот на инсталација, имплементација и интеграција на функционалните потцелини. Сепак, во текот на 2020 и 2021 година, проектот се реализираше со намалена динамика поради повикување на Виша сила од страна на Leonardo S.p.A, како резултат на пандемијата предизвикана од Covid-19.

На 15.06.2021 година, по одобрување од страна на ЕБОР, беше потпишан Change Order CO-X-001 со цел ажурирање на временската рамка на реализација на договорот. Во ноември 2021 година, по одобрување од страна на ЕБОР, потпишан е Change Order CO-X-003, со што е ажурирана временската рамка за дополнителни 159 дена, како би се финализирал тренингот на оперативниот и техничкиот персонал на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје. Двете одлуки немаа финансиски импликации.

Обуката на персоналот започна во ноември 2021 година и беше комплетирана во второто тримесечје на 2022 година, кога се реализираше и финалното прилагодување на системот на потребите на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје. Во текот на јуни и јули 2022 година беше изведен и успешно завршен FAT (Factory Acceptance Test), со тоа што одреден број забелешки од истиот се предвидени да се исправат со Remedy Plan во текот на 2023 година.

Во однос на делот од проектот кој се однесува на изведбата на градежниот дел, во текот на декември 2021 година, од Leonardo пристигна финансиска понуда која произлегува од разликите помеѓу Идејниот и Основниот проект за изградба на техничко оперативната зграда, како дел од Договорот за набавка на АТМ системот. Како одговор, од страна на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје беше доставено барање до Leonardo за повторно разгледување и разложување на вкупната понудена цена на одделни ставки како и итно отпочнување со градежни активности. Истите отпочнаа на 22.01.2022 година со што беа запазени законските рокови за почеток на градба. Во првата половина

на 2022 година, од страна на Leonardo беше доставена нова понуда која ги зема во предвид сите разлики во проектите, како и новите цени на пазарот. Истата беше неприфатлива за „М-НАВ“ А.Д. - Скопје, по што во мај беа одржани преговори во Рим, со цел утврдување на дополнителната сума потребна за финализација на техничко-оперативната зграда. На основа на овој состанок, беше изработен Change Order CO-H-002, за кој ЕБОР даде одобрување на 21.07.2022 година. Со истиот беше предвидено зголемување од 748.000,00 ЕУР како и нови услови за плаќање. Сепак, и покрај веќе договорените услови и веќе потпишаниот документ од страна на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје на 26.07.2022 година, овој документ не беше потпишан од страна на Leonardo, при што во ноември 2022 година до „М-НАВ“ А.Д. - Скопје дојде официјално барање за суспензија на Change Order CO-H-002, бидејќи поради дополнителното зголемување на цените на пазарот, ниту новите услови не се доволни да ги подмират трошоците на градба. Ова беше оценето како незадоволително од страна на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје бидејќи директно влијае на стратешките цели на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје, односно во залагањето за напредок во давањето на услуги на воздухопловна навигација. Притоа, УО на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје донесе одлука за преместување на локацијата за инсталација на АТМ системот во друг простор во постоечката зграда на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје, кој веднаш започна да се преуредува со цел непречена инсталација и натамошно функционирање на системот. Конечна одлука за натамошни активности врзани со техничко-оперативната зграда се очекуваат во почетокот на 2023 година.

Целосната реализација на проектната компонента за АТМ е предвидено да заврши во декември 2023 година.

### *4.1.2 Набавка, инсталирање и тестирање на VHF радио систем и микробранов линк*

Ова е систем преку кој контролата на летање остварува радио комуникација со воздухопловите. Согласно ICAO Annex-ите, давателот на услуга за воздухопловна навигација е должен да обезбеди систем за радиотелефонија со воздухопловите, преку систем за радиоврски кој работи во фрекфентниот опсег наменет исклучиво за таа намена. Со овој проект треба да се замени постоечката радио опрема и преносен систем со нов VHF радио систем.

По спроведување на целосната постапка за набавка, на 17.03.2017 година од ЕБОР е добиен No Objection на Извештајот за евалуација на пристигнати понуди со предлог за склучување на Договор со фирмата Northop Grumman/Park Air Systems во вкупен износ од 778.054,56 ЕУР во кој износ се вклучени и 53.140,58 ЕУР за резервни делови.

По доставување на информацијата до останатите понудувачи за резултатот од евалуациониот извештај, две фирми учесници на тендерот доставуваат жалби за изборот до ЕБОР. Од страна на ЕБОР е добиено одобрување (20.07.2018 година) за потпишување на Договор при што беа отфрлени двете жалби за избор на прворангираниот понудувач. По одобрувањето на Договорот и Амандманот бр.1 на истиот од страна на ЕБОР, истите се потпишани на 11.03.2019 година. Исплатата на фактурата за авансно плаќање во износ од 155.610,92 ЕУР се изврши на 12.07.2019 година со што Договорот стапи во сила.

Проектот отпочна со реализација согласно планот доставен од Park Air Systems со реализација на фабричкото тестирање на опремата (FAT) и една од

планираните обуки. Согласно планот, системот требаше да биде испорачан во август 2019 година, со конечна реализација до крајот на октомври 2019 година. Проектот започна со доцнење при испорака на опремата од страна на Park Air и беше невозможно да се заврши инсталацијата на Солунска Глава во текот на 2019 година. По ревидирање на планот за реализација, инсталацијата на системот на скопскиот аеродром требаше да биде спроведена во 2019 година, додека инсталацијата и тестирањето на Солунска Глава во текот на 2020 година. Поради појавата на пандемија со Covid-19 во 2020 година, Park Air Systems се повика на одредбата од договорот за Виша сила, одлука која што УО на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје ја прифати со што привремено беше забавена реализацијата на проектот, односно Park Air Systems не ги спроведе планираните активности во текот на 2020 година. На 08.02.2021 година, по одобрување од ЕБОР беше потпишан Амандман бр.2 на Договорот, со кој се продолжува рокот за реализација до септември 2021 година. Поради проблеми со доставената опрема од страна на Park Air и потребното време за сервисирање на истата, рокот за завршување на процесот на инсталацијата беше поместен за второто тримесечје на 2022 година.

Во 2022 година, беше завршен тренингот за техничкиот персонал, како и инсталацијата на системот на двете локации, скопскиот аеродром и Солунска Глава, при што беше комплетиран и SAT (Site Acceptance Test), меѓутоа поради неколку минорни забелешки сертификатот OAC (Operational Acceptance Certificate) ќе биде издаден во текот на јуни 2023 година кога временската ситуација на локацијата Солунска Глава ќе дозволи да продолжат активностите, со што ќе биде финализирана оваа проектна компонента.

### *4.1.3 Набавка, инсталирање и тестирање на систем за комутација на говорни канали (VCS)*

Во системот за контрола на летање, еден од основните потсистеми преку кои се остварува комуникација на контролорот на летање со воздухопловите, но и со соседните центри за контрола на летање е системот за комутација на говорни канали. Новиот систем ќе го замени тековниот кој што е стар веќе 20 години и би станал примарен систем преку кој ќе се одвива комуникацијата во контролата на летање.

Постапката за набавка на нов VCS систем е веќе спроведена во 2017 и 2018 година, но поради неисполнување на техничките барања од страна на сите понудувачи, на 19.06.2018 година добиено е одобрение од страна на ЕБОР за повторување на набавката и распишување на нова набавка (во две фази) со ревидирана техничка спецификација.

По подготовка на целосната документација во формат соодветен на е-порталот за набавки на ЕБОР (ECEPP), на 07.06.2021 година започна тендерската постапка, со објавување на Покана за поднесување на понуди на ECEPP. Втората фаза започна на 21.01.2022 година и траеше до 04.03.2022 година со отворање на понудите од трите компании кои влегоа во оваа фаза. Потоа следеше конечна евалуација на понудите, по што беше испратено Писмо за прифаќање и Договор за набавка на VCS систем до прворангираната компанија Rohde & Schwarz од Австрија. Од страна на Rohde&Schwarz беше доставена бараната гаранција за квалитет на изведба и Договорот беше потпишан на 20.05.2022 година со цена на договорот од 613.097,86 ЕУР. По доставувањето на банкарска гаранција за авансно плаќање и фактура за авансно плаќање од страна на Rohde & Schwarz, до ЕБОР се достави Апликација за повлекување на средства. Исплатата на фактурата за авансно плаќање се изврши на 08.08.2012 година со што Договорот стапи во сила. Сите

чекори од тендерската постапка беа проследени со No Objection од страна на ЕБОР.

Реализацијата на фазите од овој проект во текот на 2022 година се одвиваше во предвидените рокови. Во текот на декември беше успешно завршен FAT (Factory Acceptance Test) во Букурешт, по што ќе следи доставување на опремата во Скопје.

Предвидено е проектната компонента за нов VCS да биде финализирана во второто тримесечје од 2023 година.

### *4.1.4 Набавка, инсталирање и тестирање на нов MODE-S секундарен набљудувачки радар*

Mode-S секундарен набљудувачки радар (Mode-S Enhanced Surveillance Ground Station Implementation) значително ќе ја зголеми доверливоста на радарските податоци која директно би влијаела на капацитетот и безбедноста на воздушниот сообраќај во Република Северна Македонија. Согласно правилата и постапките за набавка на ЕБОР и согласно Договорот за заем со ЕБОР истиот е утврден да се реализира преку метод на набавка – Отворен повик.

По спроведената постапка за набавка, евалуациониот извештај со препораката за склучување на договор е испратен до ЕБОР на одобрување и добивање NO OBJECTION на 14.08.2017.

Согласно Изводокот од Нацрт–записникот од 63-тата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 10.04.2018 година, Управниот одбор на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје донесе одлука да го прекине отпочнатиот процес за набавка на нов Mode-S секундарен набљудувачки радар, од причина што договорот за закуп на приватното земјиште е еднострано раскинат од страна на закуподавачот и поради тоа што мора да се одреди нова локација на државно земјиште за поставување на новиот Mode-S радар. Од страна на ЕБОР на 09.05.2018 година добиено е одобрение за прекин на отпочнатата набавка и распишување на нова набавка со ревидирана техничка спецификација и поставување на опремата на нова подобна локација.

Во текот на 2019 година направени се повеќе анализи за избор на нова подобна локација и се изготви нова (ревидирана) тендерска документација, вклучувајќи ревидирана техничка спецификација која предвидува поставување на новата опрема (радар) на веќе постоечка локација како најцелисходно решение (просториите на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје лоцирани на Меѓународен Аеродром Скопје), т.е. вршење замена на постоечката стара и дотраена опрема која е оперативна повеќе од 25 години (радар Томсон).

По припремање на целосната документација во формат соодветен на е-порталот за набавки на ЕБОР (ECEPP), на 14.06.2021 година започна тендерската постапка, со објавување на Покана за поднесување на понуди на ECEPP. Втората фаза започна на 21.01.2022 година и траеше до 31.03.2022 година со отворање на понудите од трите компании кои влегоа во оваа фаза. Поради висината на понудите, која беше речиси двојно повисока од предвидената цена на набавката (поради драстичните зголемувања на пазарните цени предизвикани од енергетската и финансиската криза во Европа), по спроведената евалуација на целосните понуди и по одобрување од ЕБОР, беше намален опсегот на тендерот со тоа што беа изземени 2 компоненти од тендерот, односно набавката се сведе на неопходната компонента, MSSR радар, како не би се довело во прашање безбедното давање на услуги на воздухопловна навигација. Конечно, беше испратено

Писмо за прифаќање и Договор за набавка на Mode-S систем до прворангираната компанија Leonardo S.p.A. од Италија. Од страна на Leonardo S.p.A. беше доставена бараната гаранција за квалитет на изведба по што следеше потпишување на Договорот на 02.12.2022 година со цена на договорот од 2.165.983,65 ЕУР. Во почетокот на 2023 година се очекува доставување на банкарска гаранција за авансно плаќање и фактура за авансно плаќање од страна на Rohde & Schwarz, по што ќе следи доставување на Апликација за повлекување на средства со што договорот ќе стапи во сила. Сите чекори од тендерската постапка беа проследени со No Objection од страна на ЕБОР.

Предвидено е проектната компонента за нов Mode-S радар да биде финализирана до почеток на 2024 година.

### *4.1.5 Консултантски услуги за асистенција на Единицата за имплементирање на Проектот за надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација 02*

На 05.07.2018 година „М-НАВ“ А.Д. - Скопје склучи Договор за консултантски услуги за асистенција на Единицата за имплементирање на “Проектот за надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација – втора фаза“ со компанијата Egis Avia која беше избрана со спроведена постапка за набавка согласно политиките и правилата за набавка на ЕБОР за избор на консултант, истиот со рок за имплементација од две години.

Со цел финализирање на проектните компоненти, на 05.07.2022 година беше потпишан Амандман бр.3 на Договорот за консултантски услуги за асистенција на ПИУ, склучен со Egis Avia, со кој се продолжува важноста на договорот за дополнителни 2 месеци, односно до септември 2022 година.

Во референтниот период, ПИУ во континуитет учествуваше во активностите поврзани со повлекување на средства од ЕБОР. Состаноците со консултантот во врска со реализација на проектите беа водени воглавно преку одржување телеконференции. Исто така, континуирано се вршеа и консултации преку електронска пошта во врска со втората фаза од двете тендерски постапки (набавка на Mode-S радар и набавка на VCS системот), консултации во врска со реализацијата на Договорот за набавка на АТМ системот, како и консултации во врска со реализацијата на Договорот за набавка на VHF системот. Во соработка со Egis Avia беа изготвени и два тримесечни извештаи за првата половина на 2022 година кон ЕБОР за напредокот во реализацијата на проектите, како и Финалниот извештај за реализирани консултантски услуги.

## 4.2 Програма за капитални инвестициони вложувања на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје финансирани од сопствени средства

### *4.2.1 Компоненти наменети за новиот АТМ систем*

Набавка на монитори (ATC 2Kx2K монитори), 4 термички печатари (Toshiba B SA4T G) и 15 IDS терминали (компјутери со точно одреден модел по

спецификација добиена од интеграторот на новиот АТМ систем – Leonardo) како дел од новиот АТМ систем, со што ќе бидат заменети постојните утреди.

Постапката е објавена преку ЕСЈН (електронскиот систем за јавни набавки) и за истата е склучен договор со ЕО ТЦН Албанија.

### *4.2.2 Набавка на два независни редундантни извори на електрично напојување*

Со набавката на 2 редундантни извори на електрично напојување ќе се обезбедат потребите како на постоечката, така и на новата АТМ зграда.

Изготвувањето на техничката спецификација беше преобемна и не е финализарана со тоа што е потребно сите сектори во „М-НАВ“ А.Д. - Скопје меѓу себе да се искординираат со цел да не запре процесот на работење откако ќе се набави системот. Истиот не е реализиран во 2022 година, имајќи ги во предвид финансиските импликации на Друштвото предизвикани од пандемијата со Covid-19.

### *4.2.3 Приспособување на привремени простории за технички цели*

Приспособување на привремените простории за технички цели е потребно со цел новите VCS, VHF и VRRS системи да бидат инсталирани и ставени во употреба меѓусебно поврзани со сегашниот АТМ систем, независно од процесот на инсталација на новиот АТМ систем, кој вклучува и техничко-оперативна сала. Со тоа ќе се овозможи замена на постоечките системи во најбрзо време, односно ќе се зголеми сигурноста и безбедноста на целокупниот АТМ систем.

*Заради вонредната состојба и пандемијата со Covid-19, а согласно Одлуката на УО на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје број 02-710/3 од 03.04.2020 година, капиталните инвестиции од сопствени средства се одложија за реализација за 2022 година*. Постапката беше предвидена во Планот за јавни набавки за 2022 година, а за која по доставување Одобрение од НО истата ќе биде објавена преку ЕСЈН.

### *4.2.4 Конверзија на систем за греење/ладење од нафта на плин*

Со набавката и инсталацијата на WAM системот ќе бидат исполнети барањата, како и техничките спецификации пропишани во EUROCAE ED-142 стандардот. Во наредниот период ќе дојде до поврзување со новиот АТМ систем, со што ќе биде овозможена поголема прецизност, поедноставно одржување, како и поголема финансиска исплатливост.

Набавката не беше предвидена во Планот за јавни набавки за 2022 година.

### *4.2.5 Набавка на софтвер, хардвер и процедури за безбедност на информациски системи*

Со цел задржување на високото ниво на квалитет, достапност и континуитет на услугите на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје, потребна е нивна замена со нови кои ќе овозможат задржување на нивото на сервисот.

Замената треба да е на:

- ILS систем наменет за аеродромот Св. Апостол Павле во Охрид;

- DME уред наменет за аеродромот Св. Апостол Павле во Охрид;
- DME уред наменет за Меѓународниот Аеродром Скопје и
- DVOR уред наменет за аеродромот Св. Апостол Павле во Охрид.

Согласноста од ЕБОР за реализација на овој проект е пристигната во месец април 2020 година, но надлежните луѓе за иницирање на постапката утврдија дополнителен дел кој не беше предвиден во самата тендерска документација и имаше промени на истата. Постапката не беше предвидена во Планот за јавни набавки за 2022 година.

# 5 Политика на човечки ресурси

Одделението за човекови ресурси на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје во 2022 година, генерално беше посветено на давање на логистичка и советодавна поддршка на останатите Сектори/Одделенија и на вработените за сите прашања поврзани со човечкиот ресурс. Одделението се потруди да се реализира планираната политика и програма на човечките ресурси, а исто така продолжи со реализацијата на веќе утврдената и усвоена политика во вршење на дејности и активности поврзани со развојот на работната сила, промоција на управувањето со човечките ресурси. Во периодот од јануари до декември 2022 година Одделението за човекови ресурси во својот делокруг на работа извршуваше:

- Следење и примена на позитивната законска, подзаконска регулатива и интерни акти на Друштвото, со кои се уредени права од работен однос;
- Спроведување на Одлуки донесени од Управен Одбор;
- Изготвување на измени и дополнувања на правилник за систематизација на работните места како и изготвување на пречистен текст на истиот;
- Изготвување предлози за политики и процедури за човечкиот ресурс;
- Давање на мислење и информирање навремено на Управниот одбор за работите поврзани со човечкиот ресурс во Друштвото;
- Планирање на вработувања за 2023 година, изготвување на податоци за истите и доставување до одделението задолжено за изготвување на Годишниот финансиски план на Друштвото за 2023 година;
- Изготвување на барање за буџетска согласност до соодветно министерство, изготвување на огласи за вработување, објавување на истите во дневен печат и АВРСМ;
- Учество при селекција на кандидати за вработување на определено време како студенти;
- Изготвување на Договори за вработување и Анекси кон договор за вработување за вработените во Друштвото;
- Изготвување на акти за престанок на работниот однос (решенија и/или Спогодби);
- Изготвување на решенија за отсуство од работа (годишен одмор, рекреативен одмор, платено отсуство, неплатено отсуство), решенија за упатување на службен пат, решенија за исплата на финансиска помош, решенија за исплата при пензионирање на вработените од Друштвото, решенија за рефундирање на средства за обука, како и решенија за исплата за извршување работа на повреднувано работно место;
- Изготвување на планови за годишни одмори во соработка со другите одделенија, како и изготвување потврди поврзани со работниот однос за вработените по различни основи;

- Обработување на сите податоци за вработените од база на лични податоци и доставување на истите до одделенија за свои потреби;
- Ажурирање на база на податоци за вработените во Друштвото:
- Изготвување структура на вработените во Друштвото;
- Изготвување на електронска евиденција за потребите на одделението: нови вработувања, престанок на работниот однос, мирување на работниот однос, годишен и рекеративен одмор, платено и неплатено отсуство, службени патувања, боледувања и други евиденции;
- Изготвување и доставување на податоци за вработените до осигурителните компании за осигурување на вработените;
- Изготвување на податоци за лекарски прегледи за невоздухопловен персонал;
- Изготвување на потврди за даночна пријава;
- Изготвување и доставување на извештаи за слободни работни места на тримесечно ниво до Завод за Статистика;
- Изготвување на евиденци на вработени кои се стекнуваат со права за регрес на годишен одмор, јубилејна награда и 13-та плата;
- Изготвување на извештај за податоци за соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците и податоци за половата структура и степенот на образование за вработените во „М-НАВ“ А.Д.-Скопје и доставување на истиот до Народен правобранител на годишно ниво;
- Ажурирање на персонални досиеја и архивирање на документацијата;
- Учество во работењето како членови на разни комисии;
- Учество во работењето на Надзорен Одбор;
- Учество во преговори со репрезентативните синдикални организации;
- Пријави/одјава на вработени во Агенцијата за вработување и во Фондот за здравство и Фонд за пензиско и инвалидско осигурување;
- Соработка со Агенција за привремени вработувања (процесирање на Договор за ангажирани лица како и евидентирање на извештаи за работа и доставени фактури);
- Комплетирање на целокупната документација, превод на истата, доставување до АВРСМ за пријава/одјава на странски лица кои преку проекти се ангажирани за давање услуги во Друштвото;
- Соработка со Службен весник и Праксис за следење на позитивната законска регулатива во земјата и
- Соработување и комуникација со другите институции по потреба од службена должност.

# 6 Регионална соработка; FAB’s

Според SES регулативите горниот воздушен простор во европскиот и афричкиот ICAO – International Civil Aviation Organization регион (EUR and AFI ICAO region) мора да биде реконфигуриран во FAB-ови – Functional Airspace Blocks (функционални блокови на воздушен простор) како еден од начините за постигнување на SES целите. Организацијата на воздушниот простор во функционални блокови треба да го подобри планирањето и протокот на воздушниот сообраќај, да се зголеми ефикасноста на авијацијата во Европа, да се минимизираат доцнењата и да се оптимизира капацитетот на воздушниот простор преку задоволување на барањата на сите корисници на истиот.

Освен земјите членки на ЕУ, SES регулативите ги обврзуваат и земјите кои потпишале билатерални или мултилатерални договори за авио превоз со Европската Унија. Во овие земји спаѓаат Норвешка, Швајцарија, земјите на Западен Балкан, во кои спаѓа и Република Северна Македонија и Исланд кој не е обврзан да формира FAB бидејќи не е во рамки на европскиот ICAO регион.

Денес, постојат девет FAB иницијативи во кои се вклучени сите обврзани земји. Во поблискиот регион постоечки иницијативи се BlueMed FAB и Danube FAB.

Во процесот на позиционирање на Република Северна Македонија при одредувањето на стратегијата за приклучување на одредена FAB иницијатива пред се треба да се има предвид географската позиција и токовите на воздушниот сообраќај со цел оптимизација на капацитетите, потребата да се оптимизира интероперабилноста на системите и креирање на заедничка легислатива и стандарди помеѓу членовите на одреден FAB.

На 03.11.2011 година во Скопје е одржан состанок помеѓу замениците Министри за транспорт на Република Северна Македонија и Република Бугарија на кој состанок присуствуваа и делегации од воздухопловните власти на двете држави. На состанокот од страна на бугарскиот заменик министер беше врачена покана за Република Северна Македонија да се вклучи како набљудувач во Danube FAB. На 08.12.2011 година во Софија е одржан состанок помеѓу делегации на Bulatsa и Агенција за цивилно воздухопловство на Република Бугарија од една страна и „М-НАВ“ А.Д. - Скопје и Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија на кој состанок од бугарската страна се презентирани процесите поврзани со статусот и состојбите на Danube FAB.

На 28.10.2015 година на шестиот состанок на Управувачкиот Совет на Danube FAB кој беше одржан во Софија, Република Северна Македонија се здоби со статус набљудувач во истиот. На ова претходеа повеќегодишни состаноци и консултации со и помеѓу членовите на Danube FAB-от, како и доставената и разгледана информација од страна на Владата на РСМ.

Во 2019 година, Република Северна Македонија преку Министерот за транспорт и врски побара Асоцијативно членство и во Bluemed FAB-от, со што отпочна процесот на формализирање на нашата улога во овој FAB. Како последица на сите претходни активности, како и состанокот на Bluemed GB (Governing Body) кој се одржа на 5-ти февруари 2020 година во Никозија, Кипар, на 27.04.2020 година Република Северна Македонија потпиша Договор за соработка со земјите членки на Bluemed FAB. „М-НАВ“ А.Д. - Скопје во текот на 2022 активно учество на состаноците организирани во рамки на воспоставените групи кои беа организирани на далечина поради пректичноста и одредени рестрикции поради вирусот Covid-19.

Управувачкиот Совет на Danube FAB во текот на 2022 година побара од Република Северна Македонија да се изјасни за статусот на своето членство во оваа иницијатива сметајќи дека е предолг периодот во кој го имаме статусот обсервер. „М-НАВ“ А.Д. - Скопје во насока на изјаснувањето ќе подготви cost-benefit анализа, која откако ќе биде изработена, ќе биде презентирана на засегнатите страни.

# 7 Исполнување на дефинираните цели за 2022 година

## 7.1 Достигнување на Стандардите за безбедност, обезбедување и квалитет

Одделението за безбедност, обезбедување и квалитет – ОБОК (од 01.03.2023 година, преименувано е во Одделение за интегриран менаџмент систем – ИМС) согласно со внатрешните процедури и организациската структура е директно под Управниот Одбор на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје. Во 2022 година успешно ги реализира дел од активностите во согласност со годишниот план утврден од страна на Комитетот за Безбедност на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје како и задолженијата дефинирани во Упатството за управување со безбедноста (Safety Management Manuel), Процедурите од системот за управување со квалитет и Прирачникот за управување со обезбедувањето во „М-НАВ“ А.Д. - Скопје, како и дефинираните цели од Стратешкиот бизнис план на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје.

Главен заклучок во овој извештај е дека за 2022 година сите безбедносни индикатори, реактивни и проактивни, укажуваат дека безбедноста во „М-НАВ“ А.Д. - Скопје е задржана во рамките на утврдените таргети, а во некои делови од управувањето со системите за безбедност, обезбедување и квалитет е значително подобрена.

Во текот на 2022 година како дел од редовните, годишни активности на Одделението беа спроведени значаен број на испитувања на безбедносни настани и беа спроведени извлечените препораки, беа реализирани проценки на мали/големи Промени на функционалниот постоечки систем, како и дополнување на проценката на планираните големи измени кои се дел од проектите од ЕБОР и од Годишниот план за Јавни набавки на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје.

### *7.1.1 Безбедност*

Отсекот за безбедност (ОБ) во Одделението за БОК (од 01.03.2023 година преименувано е во Одделение за интегриран менаџмент систем – ИМС) во текот на 2022 година работеше на реализација на планираните активности од годишниот план, акциските планови, стратешките цели утврдени во СБП, како безбедно спроведување активности при донесени мерки во пандемија. Во текот на 2022 година сообраќајот бележи пораст, а активностите беа извршени со вообичаена динамика и без поголеми тешкотии.

**KPI 1** - Пополнет е прашалникот Eurocontrol/CANSO SoE in SMS 2022 measurement questionnaire. По издавање на Конечниот извештај во однос на мерењето на безбедносната зрелост на системот за управување со безбедноста во „М-НАВ“ А.Д. - Скопје можеме да кажеме дека SMS maurity level на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје е на високо ниво “D” кој означува Level D (Assured), односно зрелоста на Друштвото во процесот на управување со безбедноста е уверено, потврдено. Прашалникот Standard of Excellence беше пополнет во текот на последното тримесечје од 2022 година.

**KPI 2** - RAT tool е употребен во сите безбедносни настани со сериозност „C“ што докажува дека сите значајни инциденти се истражени дополнително преку софтверската алатка од Eurocontrol со цел да не се дојде до субјективно проценување - одредување на степенот на сериозност со зачестеноста (severity & Likelihood).

**KPI 3 -** Just Culture (Култура на праведност) во однос на овој главен индикатор, во Друштвото се дава голема важност на применување на принципите на Just Culture, односно создавање и развивање култура на правичност и неказнивост единствено со цел да се пријавуваат настаните без да се плашат од реперкусии. Од пријавените безбедносни настани, два беа предмет на Комитетот за праведност.

Како дел од редовните активности на ОБОК ќе ги наведеме и спроведување и изготвување на корективни планови за утврдените наоди од АЦВ и интерни наоди, Follow-up активности за препораки, мониторирање на safety performance и реализација на акциски планови.

Редовна координација со Офицерите за безбедност, Групата за безбедност и Комитетот за безбедност. Одржани се повеќе состаноци за кои се ваодат записници согласно со внатрешните процедури за управување со безбедноста.

Со вообичаена динамика се остваруваше и утврдената меѓународна, регионална и национална соработка со сите чинители во воздухопловната навигација (Eurocontrol, CANSO, FAB Danube/BlueMed, TAV, Авиокомпании, NATO и сл.) ОБОК работеше на подобрување на Safety data base.

Во текот на 2022 година во базата на ОБОК се заведени 9 промени, од кои одредени се сеуште во тек и ќе бидат дел од работата на ОБОК и во 2023 година. Се работи на ажурирање на документацијата од системот за управување со безбедноста во „М-НАВ“ А.Д. – Скопје, а со тоа и измена на одредени процеси со цел усогласување со барањата на ЕУ регулатива 373/2017.

Оперативно работење на персоналот за одржување на компетентност се реализираше редовно и со услови поставени во Оперативните Директиви издадени од АЦВ.

Издадени се две Safety letters, од кои едното писмо беше наменето за подигнување на свесноста и будноста на оперативните извршители во одделенијата ОБКЛ-ФМП и АПП-ТВР (Супервизори, КЛ и ПКЛ) за нивно информирање за препораките произлезени од испитани безбедносни настани во 2022 година. Другото безбедносно писмо се однесување на подигнување на свесноста и будноста на оперативните извршители во Одделнието за Воздухопловни информации.

#### *7.1.1.2 Тренд анализа на АТМ безбедносни настани за период од 01.01 до 31.12.2022 година*

Пријавени се 43 оперативни (АТМ) настани, 23 технички, два АИС и 27 доброволни пријави.

Во прилог табела на настани во изминатите години, со тренд анализа.

**Табела 7.1: Број на АТМ настани за период 2017-2022 година**




### *7.1.2 Обезбедување*

### *7.1.2.1 Физичко и сајбер обезбедување*

Во делот на физичко обезбедување на објекти и лица, после заокружувањето на имплементација на систем за контрола на пристап и видео мониторинг во зградите на КЛ Скопје и Охрид, во 2022 година се имплементираше системот за обезбедување на надворешни навигациони уреди – надвор од airside зона. Имплементирани се заштитни мерки на следниве надворешни уреди и тоа:

- Радар Selex - Бањски Рид
- VOR Скопје
- VOR Охрид
- Радар Indra - Гореничка чука, Охрид
- VOR - Поникваа, Кочани
- Middle Marker - Петровец
- NDB-DME - Издеглавје Охрид
- COM Site – Градиште, Свети Николе
- NDB-DME - Големо Коњари - Прилеп
- Out Маркер – Катланово, Скопје

На сите уреди е поставен идентичен систем за обезбедување кој подразбира видео мониторинг, алармен систем и дојава на настани. Настаните се проследуваат до централна локација и се мониторираат од едно место – пријавницата на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје. Направена е нова пријавница во близина на влезот на паркингот пред зградата на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје во близина на аеродромот. На тој начин е целосно заокружен системот за физичко обезбедување на објктите на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје.

Во однос на имплементација на системи за отпорност од сајбер напади (cyber resillience) во текот на 2022 година се имплементираа нови огнени ѕидови (firewall-s) од најновата генерација. На тој начин периметарската заштита се подобри.

Системот за EndProtection – заштита на клиентски компјутери со инсталација на EndProtection CheckPoint редовно беше мониториран. Во изминатата 2022 година имаше мали инциденти кои беа успешно надминати.

Како постојан приоритет на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје е подигнувањето на степенот на обуката на вработените во Отсекот за обезбедување, континуирано работење на подигнување на степенот на свесност и култура за обезбедување кај сите вработени во „М-НАВ“ А.Д. - Скопје.

Во однос на имплементација на стандард ISO 27001 - Системи за управување со безбедност на информациите имплементацијата е одложена за 2023 година.

Мотивацијата на вработените за пријавување на настани од обезбедувањето претставува еден од приоритетите во 2023 година.

#### *7.1.2.2 Security проценки*

Во текот на 2022 година беше направена проценка на сајбер заканите и анализа на постоечката ситуација со сајбер обезбедувањето во „М-НАВ“ А.Д. - Скопје.

#### *7.1.2.3 Надзори и мерки за проверка на квалитетот на сервисот*

Согласно планот за надзори и интерни мерки, во 2022 година беа спроведени контролни проверки на системот за физичко обезбедување. Во текот на месец декември 2022 година беше планирана вежба за закана од поставена бомба, но истата се одложи за 2023 година.

### *7.1.3 Квалитет*

Клучни показатали на успешност за Системот за управување со Квалитет за 2022 година се:

**а) Документација**

- Во текот на 2022 година се отпочна со ажурирање на целокупната документација на Системот за Управување со Квалитет со цел усогласување со барањата на ЕУ Регулативата 373/2017 Одржување на ажурен интранет портал на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје со новосоздадената документација од ISO 9001:2015; ISO 18001:2015 и ISO 45001:2018;
- Подготвена листа на документи, записи, договори за соработка, со цел добивање целосен преглед на документацијата во „М-НАВ“ А.Д. - Скопје.
- Учество во процесот на креирање и ревидирање на доставените процедури, упатства, договори од страна на одделенијата во „М-

НАВ“А.Д. - Скопје. Активно учество во управување со промени применувајќи методи на системот за управување со квалитет.

**б) Интерен Аудит**

- Планираните и спроведени надзори од страна на СУК обезбедија преглед на работењето на сите сектори и одделенија во „М-НАВ“ А.Д. - Скопје и притоа дадоа увид во недостатоците и просторот за подобрување во управувањето со стандардите имплементирани во „М-НАВ“ А.Д. - Скопје;
- Спроведена интерна проверка на системите за 2022 година од 21-25.02.2022 година Извештај МНВ-920-101.03 од 14.03.2022 година;
- Состанок одржан на 07.04.2022 година со цел преиспитување на СУК Записник од преиспитување МНВ-930-101.01/22 од 26.04.2022 година;
- Спроведена проверка за следење на препораките од интерната проверка од 14-18.11.2022 година согласно Извештај МНВ-920-101.03 од 14-18.11.2022 година.

**в) Safety Survey**

Во текот на 2022 година се отпочна со подготовки за спроведување на Safety Culture Survey во соработка со Eurocontrol. Со таа цел одржани се нелколку состаноци со претставници од Eurocontrol и дефиниран е моделот по кој ќе се спроведува безбедносниот надзор во текот на 2023 година.

**г) Обуки**

- Учество на обуката Management Systems in the context of ATM/ANS [GEN-MANS] во месец март 2022 година.

**д) Спроведени обуки од отсек Квалитет/ Безбедност**

- На 22.09.2022 година беше спроведена интерна/инструктивна/без испит обука во однос на Системот за управување со безбедност (теорија и вежби) согласно скратената програма за обука на ЦО на КЛ,ПКЛ и ФМП.

**ѓ) Сертификација**

На 29.04.2022 година беше спроведен екстерен аудит од страна на сертификационата куќа TUV Nord и беше заклучено дека Системот е во согласност со барањата на релевантниот стандард и континуирано ги постигнува дефинираните политики и цели и дека примената на системот е ефикасна. Во согласност со наодите од ревизијата беа издадени/обезбедени сертификати за ISO 9001:2015; ISO 18001:2015 и ISO 45001:2018.

**е) Безбедносни проценки**

Отсек квалитет/безбедност беше вклучен во текот на спроведување на безбедносни проценки, и тоа:

- SA 01/2022- SA 02/2022-;
- SA 03/2022-;
- SA 05/2022-;
- SA 06/2022-;
- SA 07/2022-;
- SA 08/2022-;
- SA 09/2022-.

## 7.2 Достигнување на нивоата за заштита на животната средина

- Ажурирана документација од ISO стандардот за животна средина 14001:2015;
- Спроведена кампања за правилно селектирање на отпад согласно ISO 14001:2015;
- Континуирано следење, охрабрување и информирање за правилно селектирање на отпадот и намалување на потрошувачките материјали кои најмногу се употребуваат во компанијата.

## 7.3 Засилување на човечките ресурси

Во 2022 година во „М-НАВ“ А.Д. - Скопје засноваа работен однос 15 (петнаесет) лица, од кои 7 (седум) на неопределено време, а 8 (осум) лица/студенти засноваа работен однос на определено време.

Во 2022 година по сила на закон поради стекнување со право на пензија работниот однос им престана на вкупно 14 (четиринаесет) вработени. На 1 (еден) вработен работниот однос му престана спогодбено, а на 1 (еден) вработен работниот однос му е во мирување.

Бројот на вработени во Друштвото заклучно со 31.12.2022 година изнесува 305. Работењето продолжи со истата динамика и стручност при што континуирано се водеше сметка на оптимално искористување на човечките ресурси.

## 7.4 Зголемување на трошковната ефикасност

Со отварањето на воздушниот простор над Косово и зголемувањето на сообраќајот во Република Северна Македонија покрај оптималната искористеност на оперативните ресурси се постигна и значително подобрување на трошковната ефикасност на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје. Овој позитивен тренд продолжи во текот на целиот период на траење на вториот референтен период од 2015 до 2019 година, како и почетокот на третиот референтен период RP3 (2020-2024 година).

Подетална информација за нивото на овој показател во 2022 година следи во делот - Клучни индикатори на реализација.

### 7.5 Економска транспарентност

Економската транспарентност на работењето на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје се обезбедува преку доставување на финансиските извештаи до Владата на Република Северна Македонија, Eurocontrol, ЕБОР и Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија.

### 7.6 Усогласеност со регулативите и стандардите на SES (Единствено европско небо)

Во 2022 година „М-НАВ“ А.Д. - Скопје продолжи да ги одржува стандардите за давање на услуги на воздухопловната навигација во согласност со домашните и меѓународните SES регулативи, стандарди и препорачани практики.

Тоа е потврдено и резултира со продолжување на Уверението за оспособеност за давање на услуги во воздухопловната навигација - последното издадено од страна на Агенцијата за цивилно воздухопловство во март 2022 година и со важност до март 2024 година.

Почнувајќи од 2010 година, Агенцијата за цивилно воздухопловство во континуитет издава Уверение за оспособеност за давање на услуги во воздухопловната навигација на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје.

„М-НАВ“ А.Д. - Скопје континуирано ги следи најновите измени и дополнувања на меѓународните регулативи и стандарди и соодветно се подготвува за нивно целосно имплементирање, додека Агенцијата за цивилно воздухопловство преку редовните инспекциски надзори и контроли дополнително истото го проверува и потврдува.

На 01.12.2017 година стапи во сила Мултилатералната Спогодба за Основање на Европска Заедничка Воздухопловна област (ЕЗВО).

### 7.7 Подобрување на ATM/CNS системите

Подобрувањето на ATM/CNS системите е предвидено во рамките на “Проектот за надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација 02“ како што е наведено погоре во делот - Инвестиции и развој.

### 7.8 Оптимизирање на управување со воздушниот простор

По отварањето на горниот водушен простор на Косово за прелети во 2014 година и реализацијата на еден од најголемите проекти поврзан со организацијата на воздушниот простор во регионот, како и по имплементацијата на Free Route Airspace во нашиот воздушен простор во 2016 година, во текот на 2020 година се продолжи со оптимизирање на структурата на воздушниот простор и зголемување на капацитетите. Овие процеси се реализираат во соработка со сите соседни земји како и пошироко во регионот.

На 02.12.2022 година нашиот воздушен простор стана интегрален дел на South East Common Sky Initiative – SECSI FRA, при што беше имплементиран т.н. cross-border Free Route Airspace со Албанија, Србија, Црна Гора, Босна и

Херцеговина, Хрватска, Словенија и Австрија. Со тоа се овозможија значителни придобивки на корисниците на воздушниот простор кои сообраќаат по Југоисточната оска, преку обезбедување на најкратките рути од Централна Европа до Југоисточна Европа, со што директно се придонесува на зголемувањето на параметарот ефикасност на летот заради намалувањето на потрошувачката на гориво. На тој начин позитивно се влијае на заштитата на животната средина преку намалена емисија на $CO_2$ во атмосферата.

### 7.9 Достигнување на целите од LSSIP (Local Single Sky ImPlementation)

Со константното зголемувањето на воздушниот сообраќај во регионот на Европа, од особена важност за сите европски држави, како и за давателите на ANS услуги е пронаоѓањето на решенија со кои ќе се одговори на притисокот во поглед на капацитетот на воздушниот простор, влијанието врз околината, интеграцијата на новите видови на летала, безбедноста, како и зголемувањето на трошоците на авио-компаниите поради доцнења и зголемена потрошувачка на гориво.

Функционалната рамка, која ги опишува и ги спојува сите технолошки решенија, унапредување на квалитетот на дадената услуга на корисниците како и развојот на напредните технологии кои произлегуваат од SESAR програмата е European ATM Master Plan.

European ATM Master Plan, во рамките на ЕУ воздухопловната стратегија и Single European Sky, е главната алатка за планирање на модернизацијата на Европскиот ATM систем. Тој ги дефинира приоритетите во развојот и примената на новите технологии кои се потребни за остварување на SESAR визијата, а тоа е воспоставување на потполно прилагодлив и отпорен ATM систем, способен за прифаќање на растечкиот воздушен сообраќај, на безбеден, сигурен и одржлив начин.

European ATM Master Plan Level 3 Implementation view, како интегрален дел на European ATM Master Plan се ажурира на годишно ниво за да ги рефлектира промените во глобалното воздухопловно опкружување, преку ефективна меѓусебна соработка на сите чинители во авијацијата и се однесува на промените на краток и среден рок ( околу 5 години).

European ATM Master Plan L3 2022, ги рефлектира промените настанати со донесувањето на новата SES Регулатива (CP1) од 21.02.2021 година и главниот фокус е ставен на усогласување и унифицирање на процесот на планирање и мониторирање на спроведување на целите на SESAR, како и инкорпорирање на Airspace Architecture Study Transition Plan.

European ATM Master Plan L3 Implementation view 2022 содржи 92 Impementation Objectives, со дефинирани временски рокови за имплементација на истите.

Прогресот во однос на поставените Impementation Objectives ги следи SJU (SESAR Joint Undertaking) преку LSSIP (Local Single Sky ImPlementation) документите, кои даваат екстензивна, консолидирана и хармонизирана слика на прогресот во планирањето и примената на елементите на European ATM Master Plan и SES Регулативата и се директен одраз на посветеноста на цивилните и воените национални агенции, давателите на услуги на воздухопловна навигација, како и на аеродромските оператори, во имплементацијата на истите. Квалитетот на податоците од LSSIP документите овозможува веќе неколку години истите да бидат единствен извор во изработката на извештајот за имплементација на ICAO Aviation System Block Upgrades (ASBUs), за областа ICAO/EUR.

Во LSSIP 2022 North Macedonia документот, од вкупно 35 Impementation

Objectives кои се применливи за нашата држава, 8 се потполно имплементирани, 21 се во фаза на имплементација, за 3 е планирано отпочнувањето, а 3 се уште не се испланирани. Најголем дел од оние Impementation Objectives кои се во фаза на имплементација се тесно поврзани со имплементацијата на неколку големи проекти во „М-НАВ“ А.Д. - Скопје, како што се New ATM System Project, New VCS with VoIP capability, Supply And Installation Of New Mode S MSSR, PBN Implementation.

## 7.10 Исполнување на целите на Одделението за внатрешна ревизија

Целта на ревизијата е преку систематски дисциплиниран пристап да изврши проверка и проценка на процесите во Друштвото и да му обезбеди разумно уверување на раководството на Друштвото дека процесите се организирани и се извршуваат во согласност со законската регулатива и донесените интерни акти и дека постоечките ресурси се користат економично, ефикасно и ефективно и во функција на остварување на целите. Со ваквиот пристап, внатрешната ревизија ја зголемува „додадената вредност“ на Друштвото.

Одделението за внатрешна ревизија ги планира своите ангажмани во согласност со целите на Друштвото и оценката за состојбата на системот на финансиското управување и контрола.

Одделението го спроведе Годишниот план за работа на одделението за 2022 година и до крајот на годината издаде два ревизорски извештаи на услуги на уверување и еден ревизорски извештај на услуги на советување. Еден ревизорски ангажман на услуги на советување се пренесе во 2023 година; се спроведе ревизија на следење на препораки по извештај издаден во претходен период; изврши други советодавни ангажмани врз основа на одлуки на УО на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје поврзани со активности на раководството за управување со ризици и дефинирање на контролни мерки; учество во евалуација, втора фаза, на тендерската документација, согласно новите правила на ЕБОР за спроведување на тендерските постапки за проектите што се финансирани од средства на ЕБОР; проверка на финансиските податоци од тримесечните извештаи и годишниот извештај за финансиското работење на Друштвото за 2021 година, од аспект на усогласеност на податоците во извештаите со податоците од главна книга и финансискиот план на Друштвото.

Препораките од конечните ревизорски извештаи треба да:

- Го подобрат и зајакнат системот на внатрешни контроли во начинот на обезбедување на податоците за пресметка на даночните обврски согласно Законот за додадена вредност и нивно сметководствено евидентирање за целите на финансиското известување, со цел да се обезбеди точност и комплетност во примената на даночните одредби за пресметка и поврат;
- Влијаат на усогласување со регулативата поврзана со заштита на безбедноста и здравјето при работа на вработените;
- Ги зајакнат принципите на корпоративното управување во делот на развивање на политики и процедури за управување со човечки ресурси за стратешко планирање на развој на човечките ресурси; за изработка на годишни планови за вработување, обуки, развој и усовршување на персоналот.

Во текот на годината, ревизорите присуствуваа на онлајн за одржување на професионалната компетентност.

# 8 Клучни индикатори на изведба (Key  Performance Indicators)

## *8*.1 Трошковна ефикасност – (Cost efficiency)

Од финансиски аспект на работењето на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје, утврден е  показател за трошковната ефикасност (*cost-efficiency indicator)* и тоа како трошок по наплатна единица за реализиран прелет на воздухоплов (*en-route costs per service unit*).

Податоците во табелата 8.1 подолу даваат приказ за движењето на трошковната ефикасност на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје во периодот од 2009 - 2022 година. Од истите се забележува дека со отворањето на воздушниот простор над Косово и зголемувањето на сообраќајот во Република Северна Македонија, покрај оптималната искористеност на оперативните ресурси, значително се подобри и трошковната ефикасност на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје. Овој сооднос помеѓу вкупните трошоци за услуги при прелети и остварените наплатни единици од услугите на реално ниво (EUR2009) во 2017 година е намален за 18,6% и дополнително за 4,8% во 2018 година што овозможи гледано од аспект на времетраењето на целиот втор референтен период од 2015 до 2019 година да се постигне усогласеност на локално ниво со целите на Европската Комисија за намалување на единица трошокот по наплатна единица за 3,3% просечно годишно на реално ниво. Тоа значи дека трошоците за давање на услугите на воздухопловна навигација за целиот период од 10 години (2009-2019) се релативно стабилни, иако во истиот период е забележан пораст на сообраќајот од речиси 90%.




Пред почетокот на третиот референтен период RP3 (2020-2024), „М-НАВ“ А.Д. - Скопје настојуваше да ја следи целта на Европската Унија за RP3 од областа на трошковната ефикасност, како што беше дефинирана во ЕУ Регулатива број 2019/317, со годишна промена на единечните цени за навигациски услуги при прелети од -1,9% за 2020 година, -1,9% за 2021 година,

-1,9% за 2022 година, -1,9% за 2023 година и -1,9% за 2024 година, изразено во реални услови (индекс на цени 2009).

Меѓутоа, во 2020 година заради катастрофалното влијание на пандемијата со Covid-19 и падот на сообраќајот од 56,5% на годишно ниво, трошоците на давателот на услугите не можеа да се намалат во иста линија со падот на сообраќајот, така да и овој соднос во 2020 година беше драматично нарушен. Иако со помал интензитет, кризата поврзана со пандемијата продолжи и во 2021 година, а „М-НАВ“ А.Д. - Скопје се соочи со намален обем на сообраќајот од 30,3% споредено со 2019 година, т.е. периодот пред пандемијата. Трошоците за давање на услуги на прелети во 2021 година на реално ниво беа намалени за 9%, додека трошокот по наплатна единица за реализиран прелет на воздухоплов (*en-route costs per service unit*) за 42,4%.

Заради продолжената неизвесност со сообраќајот во првите три месеци од 2022 година и измените на ЕУ регулативата која се однесува на целите поврзани со клучниот показател за ефикасност, како и анализата на новата проекција на трошоци во преговорите со ЕБОР за рефинансирање на долгорочниот заем, на локално ниво не беше извршено формално усогласување на целта поврзана со трошковната ефикасност во 2022 година.

Почнувајќи од второто тримесечје на 2022 година, „М-НАВ“ А.Д. - Скопје бележи пораст на сообраќајот и бројот на наплатни единици од 52,4% на годишна основа, што придонесе за дополнително намалување на трошокот по наплатна единица за реализиран прелет од 18,3% во 2022 година споредено со 2021 година.




**Табела 8.1: Трошок по наплатна единица (индекс 100 во 2009 година) за реализирани прелети во периодот од 2009-2022 година**

| Година | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Инфлација % | -0.5% | 1.5% | 3.9% | 3.3% | 2.8% | -0.5% | -0.3% | -0.2% | 1.4% | 1.5% | 0.8% | 1.2% | 3.2% | 14.2% |
| Индекс 100 -2009 | 100.0 | 101.5 | 105.5 | 108.9 | 112.0 | 111.4 | 111.1 | 110.9 | 112.4 | 114.1 | 115.0 | 116.4 | 120.1 | 137.2 |
| трошоци во милиони денари (реално ниво) | 609 | 585 | 570 | 512 | 511 | 641 | 638 | 638 | 624 | 667 | 801 | 641 | 584 | 727 |

| | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно: (% н/н-1)** | | **-4.0%** | **-2.6%** | **-10%** | **-0.3%** | **25.5%** | **-0.4%** | **-0.1%** | **-2.1%** | **6.8%** | **20%** | **-20%** | **-9%** | **25%** |

| | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Наплат. единици | 0.180 | 0.183 | 0.194 | 0.174 | 0.178 | 0.246 | 0.264 | 0.250 | 0.301 | 0.337 | 0.395 | 0.174 | 0.275 | 0.419 |
| трошоци /напл. единици (мкд) | 3,385 | 3,198 | 2,941 | 2,944 | 2,869 | 2,605 | 2,417 | 2,551 | 2,078 | 1,979 | 2,027 | 3,683 | 2,122.0 | 1,734.5 |
| **% н/н-1** | | **-5.5** | **-8.0** | **0.1** | **-2.5** | **-9.2** | **-7.2** | **5.5** | **-18.6** | **-4.8** | **2.4** | **81.7** | **-42.4** | **-18.3** |

### *8.1.1 Единечна цена на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за прелет на воздухоплови во Република Северна Македонија*

**Табела 8.1.1: Единечна цена на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за прелет на воздухоплови во Република Северна Македонија за период 2014-2022 година**




Од графиконот погоре може да се забележи континуиран тренд на намалување на единечната цена за прелети во зоната на наплата на РСМ во периодот од 2014 до 2020 година. Треба да се истакне дека со отворањето на воздушниот простор над Косово во 2014 година се создадоа предуслови за зголемување на сообраќајот и приходите кои се остваруваат од зголемениот

обем на услуги. Воедно тоа имплицираше зголемена финансиска стабилност на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје и создавање предуслови за намалување на цената на прелетите во периодот што следеше. Следствено, во текот на вториот референтен период од 2015 до 2019 година имаме континуиран тренд на намалување на цената на прелетите, за да во 2019 година имаме најголемо намалување од приближно 13% споредено со 2018 година. Оваа цена беше задржана на приближно истото ниво и во целата 2020 година.

Меѓутоа, состојбата со пандемијата од Covid-19 што ја зафати цела Европа и пошироко, почнувајќи од второто тримесечје во 2020 година имаше директен и катастрофален удар врз воздушниот сообраќај и воздухопловството во целина, а како клучен сегмент на воздухопловството и врз давателите на услуги на воздухопловна навигација. Во оваа прилика потсетуваме дека во 2020 година и покрај големиот број антикризни и рестриктивни мерки кои што ги спроведе „М-НАВ“ А.Д. – Скопје заради катастрофалното влијание на пандемијата и падот на сообраќајот од 56,5% во споредба со 2019 година, забележа пад на вкупните приходи од приближно 10 милиони ЕУР споредено со 2019 година што на крајот резултираше со финансиска загуба на Друштвото од 5,8 милиони ЕУР на годишно ниво.

Заради горенаведените факти и тековните рестрикции во одвивањето на сообраќајот, а воедно раководени од потребата да се одржи финансиската стабилност и континуираното непречено функционирање на Друштвото, единечната цена за услуги при прелети во 2021 година беше зголемена за 13,1% споредено со истата во 2020 година. На ова му претходеше процесот на консултации со корисниците на услугите кои што беа детално информирани во врска со сите прашања поврзани со услугите, капиталните расходи и финансирањето на организацијата.

Во 2022 година, единечната цена за прелетите беше зголемена за 5,8% споредено со 2021 година врз основа на претпоставките за развојот и времетраењето на пандемијата, проекцијата за пораст на наплатните единици од прелети од 29% во 2022 година споредено со планираните во 2021 година, како и реализацијата на активностите за оддржување на потребното ниво на безбедност во воздушниот сооообраќај и сите останати активности кои заради пандемијата во 2020 и 2021 година беа сведени на минимум.

Согласно ЕУ регулативата број 1794/2006 за утврдување на заеднички систем за наплата на услугите на воздухопловната навигација, во прилогот кон “Одлуката за начинот на определување на висината на надоместокот за користење на услуги на воздухопловна навигација и начинот на наплата како и висината и начинот на определување на делот од надоместокот за користење на услугите на воздухопловна навигација, донесена од Владата на РСМ, (Службен Весник на РСМ бр.194/2019), сите приходи остварени од прелети во 2022 година во вкупен износ од 22.478.936,27 евра се пренесуваат врз основа на претходен договор посебно еден дел на сметка на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје а другиот на сметка на Агенцијата за цивилно воздухопловство на РСМ од страна на CRCO – Eurocontrol, како надоместок за финансирање на трошоците за услугите за прелети во Република Северна Македонија. Овие средства се распределени во 2022 година од страна на Eurocontrol во соодност 16,80% за Агенцијата за цивилно воздухопловство, а 83,20% за „М-НАВ“ А.Д. - Скопје (известување од АЦВ до Eurocontrol, под број 05-1245/1 од 22.12.2021 година).

### *8.1.2 Единечна цена на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за терминални услуги на воздухопловна навигација во Република Северна Македонија*

„М-НАВ“ А.Д. - Скопје како давател на услуги на воздухопловна навигација остварува приходи и од давање на услуги на контролата на летање при полетување и слетување на воздухоплови на двата меѓународни аеродроми во Република Северна Македонија, во Скопје и во Охрид. Приходот од терминални услуги во 2022 година изнесуваше нешто повеќе од 140 милиони денари, што воедно претставува зголемување од 40,16% споредено со реализираните во 2021 година.

Единечната цена за терминални услуги од 1-ви април 2014 година изнесуваше 3,60 ЕУР по тон на максимална тежина на воздухопловот во полетување. Во меѓувреме, „М-НАВ“ А.Д. - Скопје ја задржа истата цена непроменета во целиот изминат период и на тој начин придонесуваше заедно со останатите субјекти во воздухопловството за зголемување на конкурентната способност на двата аеродроми во земјата, Меѓународниот Аеродром Скопје и Аеродромот Св. Апостол Павле - Охрид.

Согласно делот 5.04. од Договорот за заем со ЕБОР за финансирање на „Проектот за надградба на системот на воздухопловна навигација" во Република Северна Македонија, поштпишан на 29.07.2022 година и заради ефикасно сервисирање на обврските по истиот, единечната цена за терминални услуги од 01.11.2022 година изнесува 4,00 ЕУР по тон на максимална тежина на воздухопловот во полетување.

## 8.2 Безбедност, обезбедување и квалитет (Safety, Security and Quality)

„М-НАВ“ А.Д. - Скопје ги има опфатено сите три KPI утврдени во нашите национални правилници и SES регулативи/ЕС преку годишниот преглед за зрелост на системот за управување со безбедноста раководен од страна на Eurocontrol и CANSO (пополнет прашалник од „М-НАВ“ А.Д. - Скопје/ОБОК) како и соодветни надзори од АЦВ. Одделението за ОБОК успешно ги надмина сите три индикатори како показатели за успешност.

- Безбедносна зрелост на системот за безбедност (Safety Maturity);
- RAT алатка- анализа на сериозни и поголеми безбедносни настани;
- Култура на праведност (Just culture).

### *8.2.1 Безбедносна зрелост на системот за безбедност (Safety Maturity)*

Најважен индикатор кој дава реална слика за спроведување на SMS е делот на анализирање на спроведување и мерење на системот за безбедност - зрелоста на постигнатите таргети во делот на SMS во „М-НАВ“ А.Д. - Скопје и отстранување на можните слабости. Преку спроведениот прашалник за зрелоста од наша страна, а изготвен од страна на Eurocontrol и CANSO, во табелата 8.2 подолу се гледа дека „М-НАВ“ А.Д. - Скопје согласно Eurocontrol/CANSO SMS Standard of Excellence Measurement е оценет со високо ниво на зрелост во речиси сите области.

**Табела 8.2: Резултати во делот на анализирање на спроведување и мерење на системот за безбедност – зрелоста на постигнатите таргети во делот на SMS во „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период 2019-2022 година**

| | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|
| Lowest response to any question | B | B | C | C |
| Number of questions at the lowest response Level | 2 | 3 | 1 | 4 |
| **Number of Questions at Each Level** | | | | **2022** |
| Level A (Informal Arrangements) | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Level B (Defined) | 2 | 3 | 0 | 0 |
| Level C (Managed) | 2 | 1 | 1 | 4 |
| Level D (Assured) | 29 | 29 | 32 | 18 |
| Level E (Optimised) | 0 | 0 | 0 | 0 |

Во табелата 8.2 е прикажан прогресот кој е направен во однос на 2019 година како база на мерењето на постигнувањата, споредено со 2020 година и 2021 година и 2022 година.

Мерењата во 2022 година се вршени на нов online прашалник и преку интервју спроведени од страна на CANSO.

**Табела 8.3: Статус на давателот на услуги во воздухопловна навигација „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за 2022 година согласно стандардите на Eurocontrol**

| **Maturity Level Achievements 2022** | |
|---|---|
| | **2022** |
| Lowest response to any question | C |
| Number of questions at the lowest response Level | 4 |
| **Number of Questions at Each Level** | **2022** |
| Level A (Informal Arrangements) | 0 |
| Level B (Defined) | 0 |
| Level C (Managed) | 4 |
| Level D (Assured) | 18 |
| Level E (Optimised) | 0 |

| **Achieved Maturity Level in each Study Area** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Study Area** | **Level (A-E)** | **Responses (A-E)** | | | |
| SA1 – Safety Culture | D | D | D | D | |
| SA2 – Safety Policy | D | D | | | |
| SA3 – Safety Accountabilities | D | D | | | |
| SA4 – SMS Documentation | D | D | | | |
| SA5 – Safety Interfaces | D | D | D | | |
| SA6 – Safety Risk Management | D | D | D | | |
| SA7 – Fatigue - related Risk Management | D | D | | | |
| SA8 – Safety Reporting, Investigation & Improvement | D | D | D | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| SA9 – Coordination of Emergency Response Plan | C | C | | | |
| SA10 – Safety Surveys and Audits | C | D | C | | |
| SA11 – Change Management | D | D | | | |
| SA12 – Training and Education | D | D | D | | |
| SA13 – Safety Communication | C | C | D | C | |
| SA14 – Human Performance (TA) | D | | | | |
| SA15 – Safety Performance Monitoring (TA) | C | | | | |
| SA16 – – Continuous Improvement (TA) | D | | | | |
| **Overall Maturity Level** | D | | | | |

Извештајот од Eurocontrol и CANSO преку кој се мери зрелоста на системот за управување со безбедноста дава реална слика за системот, односно за декларираните заложби на Друштвото, како и посветеноста за унапредување и континуирано развивање на системот за управување со безбедноста, со цел да се задржат сите високи нивоа на безбедност. Оцена "C", во овогодинешниот извештај се однесува на четири Study Areas, поради додадени нови барања согласно ЕУ регулатива 373/2017 кои ќе бидат исполнети до март 2024 година, а останатите Study Areas се оценети со оценка "D".

***8.2.2 RAT алатка (анализа на сериозни и поголеми безбедносни настани)***

Првичната анализа за секој A-serious, B-major.,C-significant настан се потврдува со RAT алатка (Risk анализа) од Eurocontrol. За 2022 година сите настани квалификувани со оваа категорија се испитани и преку RAT алатката, со цел да не се дојде до субјективно проценување-одредување на степенот на сериозност со зачестеноста (severity & Likelihood). Во 2022 година пријавени се вкупно настани:

- 43 оперативни/ATM;
- 23 технички /CNS;
- 27 доброволни пријави/voluntary;
- 2 пријави AIS;
- 0 пријава од МОВП.

Податоците во табелата 8.4 подолу се однесуваат на вкупниот број на операции заклучно со 31.12.2022 година. Остварени се вкупно 239.401 летови заедно approach и overflight traffic. Техничките безбедносни настани оваа година се од најразлична природа, и согласно интерните процедури, сите технички настани се соодветно испитани. Поголем дел се однесуваат на одржувањето на системите и уредите кои учествуваат во безбедното давање на услуги во воздухопловната навигација. Овие испади и други настани поврзани со CNS се испитуваат согласно внатрешните процедури кои водат до подобра интерна организација, потреба од специјализирани тренизи, потреба од ажурирање на SLA или други релевантни документи, набавка на нова опрема и перманентно одржување на постоечките системи.

**Табела 8.4: Безбедносни таргети и индикатори на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за 2022 година**

| Performance Leading and Lagging Indicators | Target | Performance | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Qtr1 | Qtr2 | Qtr3 | Qtr4 | Overall |
| Mandatory A Reports per 100 000 flights | 25 | 5 | 17 | 9 | 12 | 43 |
| Mandatory T Reports per 100 000 flights | 40 | 5 | 9 | 5 | 4 | 23 |
| Voluntary Reports/year | 10 | 1 | 12 | 9 | 5 | 27 |
| METEO Reports/year | 5 | / | / | / | / | 0 |
| AIS Report/ year | 5 | / | / | / | 2 | 2 |
| Safety meetings/year | 3 | 1 | 2 | | 2 | 5 |
| Safety briefings/year | 3 | / | / | | | 0 |
| Safety audits per year | 2 | 1 | / | / | 1 | 2 |
| RAT analyzed occ/per year<br>(A, B, C severity) SMI;RI)<br>(AA, A, B, C severity ATM sp) | 80-95% | / | 3 | 1 | 2 | 5 |
| Organization-specific SPIs | | | | | | |
| Fatal accidents per 100 000 flights | Less than 0.078 | / | / | / | / | 0 |
| Serious incidents per 100 000 flights (A) | Less than 2 | / | / | / | / | 0 |
| Major incidents per 100 000 flights (B) | Less than 3 | / | / | / | / | 0 |
| Significant incidents per 100 000 flights (C) | Less then 5 | / | 4 | 2 | 3 | 9 |
| SMI /100 000 flights | 6 | 1 | 5 | 3 | 2 | 11 |
| Airspace infringement/ annual basis | 3 | | | | 2 | 2 |
| Bird strike per 1000 flights | Less than 0.7 | 1 | 3 | 4 | 1 | 9 |
| Runway incursion per 4000 flights | Less than 2 | / | / | / | / | 0 |
| Runway excursion per 4000 flights | Less than 2 | / | / | / | / | 0 |

Во делот на Mandatory и Voluntary Reports/ per year, во 2022 година е надминат очекуваниот број на задолжителни и доброволни пријави.

**Табела 8.5: Број и вид на безбедносни настани во „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период од 2017-2022 година**




### *8.2.3 Култура на праведност (Just Culture)*

Во текот на 2022 година беа разгледани два настани, за кои Just Culture Committee донесе одлуки согласно Политиката за култура на праведност. По одржани состаноци на JCC исто така беа преземени чекори за измена на Политиката во одредени области со цел подобрување на процесот на носење на одлуки. Во 2022 година беше ажурирана Политиката за култура на праведност.

### *8.3 Капацитет (Capacity)*

Постоечките капацитети беа повеќе од доволни за опслужување на побарувањата од корисниците на воздушниот простор во текот на 2022 година

**Табела 8.6: Капацитет на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за 2022 година**

| Skopje ACC | Traffic (% of 2019) | En-route Delay (min. per flight) | | Capacity | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | All reasons | ACC Reference Value | Capacity Gap? | Baseline |
| Year | 111% | 0.13 | 0.03 | No | 70 |
| Summer | 110% | 0.17 | | No | 70 |
| **Summer 2021 performance assessment** | | | | | |
| The average delay per flight was 0.17 minutes per flight in Summer 2022. | | | | | |

| Operational actions | Achieved | Comments |
|---|---|---|
| 6 additional ATCOs | Yes | |
| VHF replacement | Yes | |

| IFR Movements (Thousands) | | 2019 | 2020* | 2021 | 2022 | 2023 | 2024* | 2025 | 2026 | 2027 | 2028* | 2029 | AAGR 2023-2029 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| North Macedonia | High | . | . | . | . | 267 | 284 | 296 | 308 | 319 | 330 | 339 | **5,5%** |
| | Base | 223 | 95 | 155 | 234 | 263 | 277 | 284 | 289 | 295 | 300 | 304 | **3,8%** |
| | Low | . | . | . | . | 258 | 269 | 271 | 270 | 269 | 270 | 269 | **2,1%** |

## 8.4 Доцнење кај прелетите (Delay)

**Табела 8.7: Референтни вредности за доцнење кај прелетите за сите даватели на услуги во воздухопловна навигација за летниот период од 2022 година во однос на 2019 година**

**Delay summer 2022 vs 2019**

| | April | May | June | July | August | September | October | **Total** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| delay 2022 | | 236 | 4988 | 4157 | 11915 | 8194 | | **29490** |
| No. of flights | 16117 | 22424 | 26103 | 28599 | 27334 | 22597 | 22456 | **165630** |
| average delay per flight | 0,00 | 0,01 | 0,19 | 0,14 | 0,43 | 0,36 | 0,00 | **0,17** |
| delay 2019 | 217 | 675 | 4288 | 4353 | 281 | 2758 | | **12572** |
| No. of flights | 16566 | 23058 | 26777 | 29763 | 29917 | 26356 | 22020 | **152437** |
| average delay per flight | 0,01 | 0,03 | 0,16 | 0,15 | 0,01 | 0,10 | 0,00 | **0,08** |
| delay 2022/19 (%) | | -66% | 18% | -6% | 4200% | 260% | | **112%** |

## 9 Ревидирани финансиски извештаи на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за 2022 година

# Извештај за финансиската состојба

| | | | Во илјади денари |
|---|---|---|---|
| | Бел. | 31 декември 2022 | 31 декември 2021 |
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **Нетековни средства** | | | |
| Недвижности, постројки и опрема | 5 | 647,236 | 522,694 |
| Нематеријални средства | 6 | 6,876 | 7,557 |
| | | **654,112** | **530,251** |
| **Тековни средства** | | | |
| Залихи | 8 | 12,395 | 13,086 |
| Побарувања за повеќе платен данок на добивка | | 17,881 | 17,881 |
| Побарувања од купувачи и останати побарувања | 9 | 201,104 | 145,665 |
| Парични средства и еквиваленти | 10 | 484,760 | 442,704 |
| | | **716,140** | **619,336** |
| **Вкупно средства** | | **1,370,252** | **1,149,587** |
| | | | |
| **КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | | |
| Акционерски капитал | 11 | 1,552,034 | 1,552,034 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Дисконт на емитирани акции | | (388,141) | (388,141) |
| Законски резерви | 11 | 1,873 | - |
| Акумулирана (загуба) | | (131,690) | (266,774) |
| **Вкупно капитал** | | **1,034,076** | **897,119** |
| | | | |
| **Обврски** | | | |
| **Нетековни обврски** | | | |
| Позајмици | 12 | 183,749 | 127,520 |
| Разграничени донации | 13 | 8,395 | 10,287 |
| Резервации | 14 | 6,130 | 6,278 |
| | | **198,274** | **144,085** |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочен дел од позајмици | 12 | 23,116 | 35,192 |
| Обврски кон добавувачи и останати тековни обврски | 15 | 114,786 | 73,191 |
| | | **137,902** | **108,383** |
| **Вкупно обврски** | | **336,176** | **252,468** |
| **Вкупно капитал и обврски** | | **1,370,252** | **1,149,587** |

# Извештај за сеопфатната добивка

Во илјади денари

| | | За годината што завршува на 31 декември | |
|---|---|---|---|
| | Белешка | 2022 | 2021 |
| Приходи од продажба | 16 | 1,301,727 | 822,641 |
| Останати оперативни приходи | 17 | 3,862 | 6,102 |
| **Вкупни приходи** | | **1,305,589** | **828,743** |
| | | | |
| Трошоци за материјали и одржување | 18 | (70,180) | (45,796) |
| Трошоци за вработени | 19 | (971,313) | (650,678) |
| Амортизација и депрецијација | 5, 6 | (35,107) | (35,842) |
| Останати деловни расходи | 20 | (79,247) | (49,837) |
| **Добивка од деловни активности** | | **149,742** | **46,590** |
| | | | |
| Финансиски приходи | 21 | 1,728 | 1,473 |
| Финансиски расходи | 21 | (14,513) | (10,610) |
| **Финансиски (расходи), нето** | | **(12,785)** | **(9,137)** |
| **Добивка пред оданочување** | | **136,957** | **37,453** |
| | | | |
| Данок на добивка | 22 | - | - |
| **Добивка за годината** | | **136,957** | **37,453** |
| | | | |
| Останата сеопфатна добивка за годината | | - | - |
| **Вкупна сеопфатна добивка за годината** | | **136,957** | **37,453** |

# Извештај за промените во капиталот

Во илјади денари

| | Акционерски капитал | Дисконт на емитирани акции | Резерви | Акумулирана добивка/ (загуба) | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **На 1 јануари 2022** | **1,522,034** | **(388,141)** | **-** | **(266,774)** | **897,119** |
| *Трансакции со сопствениците* | | | | | |
| Распределба на резерви (Белешка 11) | - | - | 1,873 | (1,873) | - |
| **Вкупно трансакции со сопствениците** | **-** | **-** | **1,873** | **(1,873)** | **-** |
| Добивка за годината | - | - | - | 136,957 | 136,957 |
| Останата сеопфатна добивка | - | - | - | - | - |
| **Вкупна сеопфатна добивка** | **-** | **-** | **-** | **136,957** | **136,957** |
| **На 31 декември 2022** | **1,522,034** | **(388,141)** | **1,873** | **(131,690)** | **1,034,076** |
| **На 1 јануари 2021** | **1,522,034** | **(388,141)** | **54,070** | **(358,297)** | **859,666** |
| *Трансакции со сопствениците* | | | | | |
| Распределба на резерви (Белешка 11) | - | - | (54,070) | 54,070 | - |
| **Вкупно трансакции со** | **-** | **-** | **(54,070)** | **54,070** | **-** |

| **сопствениците** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| Добивка за годината | - | - | - | 37,453 | 37,453 |
| Останата сеопфатна добивка | - | - | - | - | - |
| **Вкупна сеопфатна добивка** | **-** | **-** | **-** | **37,453** | **37,453** |
| | | | | | |
| **На 31 декември 2021** | **1,522,034** | **(388,141)** | **-** | **(266,774)** | **897,119** |

# Извештај за паричните текови

| | | Во илјади денари<br>За годината што завршува на<br>31 декември | |
|---|---|---|---|
| | Белешка | 2022 | 2021 |
| **Оперативни активности** | | | |
| Добивка за годината | | 136,957 | 37,453 |
| Корекции за: | | | |
| Амортизација и депрецијација | 5, 6 | 35,107 | 35,842 |
| Отпис на недвижности, постројки и опрема | 20 | 218 | - |
| Резервација за користи на вработени | 14 | 705 | 531 |
| Приход од донации | 17 | (1,892) | (1,761) |
| Исправка на вредност на побарувања од купувачи | 20 | 6,879 | 1,757 |
| Отпис на побарувања од купувачи | 20 | 3,736 | 100 |
| Приходи од камати | 21 | (1,098) | (1,083) |
| Расходи по камати | 21 | 11,124 | 8,883 |
| Оперативна добивка пред промени во обртниот капитал | | 192,096 | 81,723 |
| | | | |
| Ограничени парични средства | | (101,129) | 43,609 |
| Залихи | | 691 | 324 |
| Донации | | - | 206 |
| Резервации | | (853) | (338) |
| Побарувања од купувачи и останати побарувања | | (65,316) | (19,272) |
| Обврски кон добавувачи и останати обврски | | 41,595 | 61,739 |
| Оперативна добивка по промени во обртниот капитал | | 67,084 | 167,991 |
| | | | |
| Платени камати | 12, 21 | (11,124) | (8,498) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Примени камати | 21 | 1,098 | 1,083 |
| Платен данок од добивка | | - | - |
| **Нето парични текови од оперативни активности** | | **55,960** | **160,576** |
| | | | |
| **Инвестициони активности** | | | |
| Набавка на недвижности, опрема и нематеријални средства | | (159,186) | (16,913) |
| **Нето парични текови (користени во) инвестициони активности** | | **(159,186)** | **(16,913)** |
| | | | |
| **Финансиски активности** | | | |
| Приливи по кредити | | 241,321 | 16,825 |
| Исплатени кредити | | (197,168) | (34,939) |
| **Нето парични текови од / (користени во) финансиски активности** | | **44,153** | **(18,114)** |
| | | | |
| **Нето промена на паричните средства** | | (59,073) | 125,549 |
| Парични средства и еквиваленти на почетокот | | 434,867 | 309,319 |
| **Парични средства и еквиваленти на крајот** | **10** | **375,794** | **434,868** |

Горенаведените Финансиски извештаи се изготвени со состојба 31.12.2022 година во согласност со Меѓународните Стандарди за Финансиско Известување (МСФИ), објавени во Република Северна Македонија во Правилникот за сметководство („Службен весник на Република Македонија” бр.159/09) и применливи од 01.01.2010 година, вклучувајќи ги Меѓународните Сметководствени стандарди (МСС) и Интерпретациите издадени од Одборот за Меѓународните Сметководствени стандарди (ОМСС) и Комитетот за толкување на Меѓународни стандарди за финансиско известување (КТМСФИ), последователно.

Финансиските Извештаи се изготвени со методата на набавна вредност и принципот на континуитет во работењето.

Овие финансиски извештаи ги опфаќаат побарувањата, обврските, оперативните резултати, промените во капиталот и паричните текови на Друштвото како посебен ентитет.

Основите за нивно мерење детално се објаснети во рамките на Белешките од Извештајот на независниот ревизор “Гранд Торнтон Скопје“. (Извештај на Независниот Ревизор “Гранд Торнтон Скопје“ со Финансиски извештаи на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за 2022 година во прилог).

**Согласен:**

**Извршен директор за финансиски работи, правни работи, развој и инвестиции**

**Drejtor Ekzekutiv për çështje financiare, ligjore, zhvillim dhe investime**

**D-r Hasim Deari**

**Претседател на Управен одбор**

**Kryetar i Këshillit Drejtues**

**Fahrudin Hamidi**